WFD WESTMINSTER FOUNDATION FOR DEMOCRACY

МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ YOUTH EDUCATIONAL FORUM

# Социо-политичко учество на младите во Северна Македонија: Нееднаквост, неизвесност и различни очекувања



Western Balkans
Democracy Initiative

Funded by UK Government

Проект: Иницијатива за демократија на Западен Балкан

Издавач: Фондација за демократија на Вестминстер, Северна Македонија

За издавачот: Дамир Незири, Претставник во земјата

Автори: Јована Ѓорѓиовска, Мартин Галевски

Уредници: Дамир Незири, Дона Костуранова

Соработници: Димитар Низамовски, Стефани Спировска

Телефонска анкета: Тим институт

Дизајн: KOMA

Година на издавање: 2021

Скопје, август 2021 г.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

316-053.6(497.7)„2019/2020“(047.31)

32-053.6(497.7)„2019/2020“(047.31)

ЃОРЃИОВСКА, Јована
Социо-политичко учество на младите во Северна Македонија: нееднаквост, неизвесност и различни очекувања / [автори Јована Ѓорѓиовска, Мартин Галевски]. - Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер, 2021. - 165, [4] стр.: граф. прикази, табели; 25 см
Фусноти кон текстот. - Публикацијата е во рамките на проектот: „Иницијатива за демократија на Западен Балкан“. - Библиографија: стр. [166-169]

ISBN 978-608-4773-44-3

1. Галевски, Мартин [автор]
а) Социо-политичко учество -- Млади -- Македонија -- 2019-2020 -- Истражувања

COBISS.MK-ID 54557957

*Подготовката на ова истражувачка студија е поддржана од Иницијативата за демократија на Западен Балкан, програма на Фондацијата за демократија на Вестминстер. Содржината на оваа истражувачка студија не ги одразува ставовите или мислењата на Фондацијата за демократија на Вестминстер или Британската влада.*

# Социо-политичко учество на младите во Северна Македонија: Нееднаквост, неизвесност и различни очекувања

# Содржина

006
Предговор

010
Клучни наоди

014
Вовед

016
Релевантни промени во локалниот контекст

036 **Методологија**

048 **Наоди од телефонската анкета од репрезентативниот примерок**

140 **Наоди од телефонската анкета од дополнителните примероци**

146 **Заклучок**

152 **Препораки**

166 **Библиографија**

# ПРЕДГОВОР

Студијата *„Социо-политичко учество на младите во Северна Македонија: Нееднаквост, неизвесност и различни очекувања“*, ги анализира перцепциите на младите за граѓанското учество, нивната позиција во општеството и очекувања за иднината, како и перцепциите за влијанието на пандемијата врз нивните животи и секојдневие. Изработката на оваа анализа е резултат на напорите на Фондацијата за демократија на Вестминстер  (ВФД ) учеството и ставовите на младите да бидат земени предвид од јавноста и носителите на одлуки. Оваа анализа е изработена од ВФД со финансиска поддршка од Британската влада, во соработка со Младински образовен форум, додека телефонската анкета беше спроведена од ТИМ институт.

Студијата претставува продолжение и се надградува на анализата *„Социо-политичко учество на младите во Северна Македонија: Апатија, оптимизам или разочараност?“* објавена во 2019 година, преку која за прв пат ги анализиравме перцепциите на младите во општеството опфаќајќи национално репрезентативен примерок. Оваа анализа цели да покаже кои се разликите во ставовите на младите од мај 2019 (кога е спроведена првата анкета) до декември 2020 (кога е спроведена втората анкета), низ компаративна анализа на трендови. Во периодот меѓу двете анкети, се случија повеќе промени во контекстот: започнувањето на преговорите за пристапување кон Европската Унија беше спречено на два наврати, земјата официјално се зачлени во НАТО и се одржаа парламентарни избори, а со тоа и се формираше ново Собрание и Влада. Веројатно најзначајно, беше прогласена пандемија на КОВИД-19 која донесе низа промени сама по себе.

Во поглед на младинските политики, во периодот меѓу двете анкети се донесе Законот за младинско учество и младински политики и отпочна дел од неговата имплементација, беа одржани студентски избори на УКИМ, додека пандемијата неминовно се одрази на образованието, работата и менталното здравје на младите.

Оттаму, низ истражувањето сакавме да видиме каде има промени во ставовите на младите и како се менуваат нивните перцепции за себе, институциите и општеството. Во некои области има очигледни промени, како пад на оптимизмот и промени во очекувањата, но и подобрување во степенот на чувство на консултираност кај младите луѓе. Истовремено некои од важните заклучоци се потврдија. Еден од нив дека младите кои се општествено активни и се дел од некакви форми на младинско организирање – се позадоволни со своето место во општеството. Ова потврдува дека неопходно е да се дава поддршка и значење на младинскиот активизам и учество.

Уште една новина во оваа анализа и нешто што ја прави уникатна во поглед на други трудови на оваа тема е тоа што дава посебен осврт на младите со попреченост и младите од помалите етнички заедници. Овие групи се ретко опфатени во вакви трудови, па оттаму и нивните перцепции не се земаат предвид. Истражувачкиот тим направи два „бустер“ примероци со кои ги опфати овие групи и даде осврт на спецификите во размислувањето и потребите на овие млади, кои се дополнително маргинализирани во општеството.

Со оваа анализа, покрај тоа што целиме да обезбедиме релевантни податоци и факти за позицијата и перцепциите на младите денес, сакаме да ги поттикнеме општествените чинители (институциите, политичките партии, младинските организации и медиумите) да ги земаат предвид

како општествена група со нивните специфични интереси и потреби. Оттаму, препораките во оваа анализа, посветени на секој чинител поединечно, имаат за цел да поттикнат градење на подобри услови за младинско учество и добросостојба. Дел од клучните препораки, оние посветени за претстојниот период се: гарантирање на средства за имплементација на младински политики, формирање на локални младински совети, соодветна застапеност на младите на локалните избори и во предлог програмите но и како кандидати, законско гарантирање на средношколското организирање, и информирање и едукација на младите за вакцинацијата против КОВИД-19.

На долг рок, фокусот треба да биде на креирање на националната стратегија за млади, воспоставување на локални младински центри и долгорочно подобрување на економската позиција на младите.

Фондацијата за демократија на Вестминстер би сакала да искаже благодарност за работата на оваа анализа на истражувачите Мартин Галевски и Јована Ѓорѓиовска кои стојат зад овој труд, како и тимот на Младински образовен форум и ТИМ институт. Благодариме на младинските организации кои учествуваа во изработката на препораките за овој труд.

На крајот би сакале да се заблагодариме на Британската влада и колегите од Амбасадата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во Скопје, без чија континуирана поддршка оваа анализа немаше да биде возможна.

Овој труд може да биде користен од други истражувачи и младински организации во креирањето на нови анализи и документи за политики. Се надеваме дека оваа анализа ќе обезбеди информации за институциите да можат да работат на политики кои ќе одговорат на младинските потреби, а базирани на факти, како и дека ќе поттикне дебата на овие теми во Собранието и јавноста.

Дамир Незири,
Претставник во земјата за
Фондација за демократија
на Вестминстер



Дона Костуранова,
Програмска менаџерка во
Фондација за демократија
на Вестминстер





# КЛУЧНИ НАОДИ

- Помалку од една четвртина (23,8%) од младите сметаат дека државата се движи во правилна, а 35,4% во погрешна насока.
- Само една третина од испитаниците (30,5%) веруваат дека за 5 години државата ќе биде подобро место за живеење за младите.
- Две третини од младите (64,8%) се незадоволни од своето место во општеството.
- 44% од младите веруваат дека државата ќе стане членка на ЕУ, а просечната година во која сметаат дека тоа може да се случи е 2026 година.
- Приближно две третини (58%) од младите кои веруваат дека државата ќе стане членка на ЕУ сметаат дека тоа ќе се случи до 2025 година.
- Повеќе од половина од младите луѓе (56%) ретко или никогаш не ги следат и не се заинтересирани за политичките настани и случувања во земјата.
- 58% од младите би се иселиле од Република Северна Македонија, доколку им се укаже можност. Од нив, само 6,9% би се вратиле назад во земјата.
- Речиси 8 од 10 млади (77,3%) луѓе сметаат дека властите делумно или воопшто не се грижат за нив и нивните потреби.
- Само една третина од младите (29,2%) сметаат дека властите се запознаени со потребите и проблемите на младите луѓе.
- 83,9% од младите веруваат дека не можат да влијаат врз тоа што и како работат властите.
- 7 од 10 млади (69%) се опишуваат себе си како главно или воопшто неактивни граѓани во општеството.
- 69,4% од младите никогаш не биле консултирани од властите, ниту на локално ни на централно ниво.
- Една петина од младите (20,3%) редовно преземаат активности за решавање на општествени проблеми.
- Секој втор млад човек редовно гласа на избори (53%), а дополнителни 26% гласаат понекогаш. На последните парламентарни избори во 2020 година, гласале високи 74,7% од испитаниците.
- Мнозинството млади (62%) сметаат дека Владата недоволно посветена на решавање на проблемите на младите, додека само од 1 од 4 млади луѓе (24%) имаат позитивно мислење во однос на работата на Владата.

- 40,9% од анкетираните млади се незадоволни од начинот на справување со кризата од страна на државата, 31,4% се задоволни, додека 26,1% од младите ниту се задоволни, ниту незадоволни.
- Две третини од младите сметаат дека се потребни построги мерки за справување со корона вирусот од страна на властите.
- Младите кои се во образовен процес се умерено задоволни од различните аспекти на образованието за време на КОВИД-19 кризата и со просечна оценка 3 го оценуваат задоволството од севкупниот квалитет на наставата, подготвеноста на образовните институции за одржување на настава на далечина, стекнатото знаење и интеракцијата со другите ученици.
- Речиси 15% од младите пријавуваат намалена плата во текот на кризата, додека 6% ја изгубиле работата за време на кризата. Кај само многу мал дел од младите, нешто повеќе од 5%, пандемијата имала позитивно влијание, при што само 2,6%, се вработиле за време на кризата и исто толкав процент пријавуваат дека нивната плата се зголемила.
- Скоро половина од младите (42,9%) веруваат дека пандемијата е вештачки создадена од мала група на моќни луѓе со цел да владеат со светот.
- Еден од тројца млади или 33%, се спремни да се вакцинираат против КОВИД-19, а дури 46% не би се вакцинирале, додека 20% сè уште не одлучиле дали ќе се вакцинираат.
- Само 11% од младите со попреченост сметаат дека работите во земјата се движат во правилна насока (13% помалку од општата популација млади) и 56% сметаат дека земјата е подалеку од ЕУ во споредба со пред една година (22% повеќе од општата популација млади).
- Само 8% од младите со попреченост сметаат дека властите целосно или прилично се грижат за нив и нивните проблеми (13% помалку од општата популација млади), а 89% од оваа група млади досега не биле вклучени или консултирани од институциите при носење одлуки (20% повеќе од општата популација млади).
- Кај младите од помалите етнички заедници, дури 68% би се иселиле во случај на можност (10% повеќе во споредба со општата популација), а скоро сите млади од оваа група 89% сметаат дека на нашата земја и треба лидер со цврста рака (10% повеќе во споредба со општата популација).






# ВОВЕД

Современата перспектива за начините на кои младите граѓани на Република Северна Македонија размислуваат за клучни општествени и политички текови е од особено значење во период на глобална здравствена и социо-економска криза која е резултат на КОВИД-19 пандемијата. Дополнително, перспективите на младите се значајни и од аспект на локалниот контекст и случувања, а се тесно поврзани со постигнување на клучни стратешки приоритети на државата и формирањето на нови состави на законодавниот дом и институциите на извршната власт во текот на 2020 година.

Токму поради оваа потреба за разбирање и увид во перцепциите и ставовите на младите во државата, Фондацијата за демократија на Вестминстер по втор пат иницира длабинско истражување во чиј фокус се младите кои опфаќаат четвртина од населението на Република Северна Македонија. Во таа насока, оваа студија има за цел да ги надгради истражувачките напори насочени кон разбирање на социо-политичкото учество на младите, но и да понуди информации за нивните ставови во контекст на КОВИД-19 пандемијата.

# Релевантни промени во локалниот контекст

Поради тоа што содржината на истражувањето објавено од Фондацијата за демократија на Вестминстер во 2019 година (Галевски, 2019) е во голема мера применлива и во ова истражување, во следниот дел од анализата ќе бидат прикажани само промените во локалниот контекст кои се релевантни за младинските прашања, а се случиле помеѓу октомври 2019 и јуни 2021 година. Хронолошкиот редослед и времетраењето на настаните е прикажан на слика 1.

**Слика 1.** Хронолошки редослед и времетраење на релевантни настани и промени во локалниот контекст во периодот помеѓу октомври 2019 и јуни 2021 година.

**Октомври 2019**

Вето за започнување на преговори со ЕУ од страна на Франција

**Јануари 2020**

Донесен закон за младинско учество и младински политики

**Февруари 2020**

- Прв регистриран случај на КОВИД-19 во Северна Македонија и почеток на КОВИД-19 пандемијата
- Распуштање на Собранието на Република Северна Македонија

**Март**

**2020**
- Почеток на вонредна состојба на цела територија на Република Северна Македонија поради заштита на јавно здравје во услови на пандемија
- Прием на земјата како полноправна членка на НАТО

**Јуни**

**2020** Крај на вонредна состојба во Република Северна Македонија

**Јули**

**2020** Предвремени парламентарни избори

**Август**

**2020**
- Конститутивна седница на новиот состав на Собранието на Република Северна Македонија
- Формирање на новата Влада на Република Северна Македонија

**Ноември**

**2020**
- Вето за започнување на преговори со ЕУ од страна на Бугарија
- Почеток на кризна состојба на цела територија на Република Северна Македонија

**Декември**

**2021** Крај на кризна состојба

# Законска основа за зголемување на младинското учество

## *Закон за младинско учество и младински политики*

Во јануари 2020 година во Собранието на Република Северна Македонија беше донесен Законот за младинско учество и младински политики. Во подготвувањето на законот беа вклучени пратеници од речиси сите пратенички групи во рамките на Клубот за младински прашања како неформално парламентарно тело, како и претставници од институции од извршната власт, младински организации и политички подмладоци. Нацрт верзиите од законскиот текст, освен онлајн, беа консултирани со младите и преку осум регионални настани одржани во мај и јуни 2019 година.

Законот за првпат ја дефинира возрасната рамка за „млади“ граѓани во државата (до 29 години) и овозможува структурен, системски и повеќе-ресорски пристап кон младинското учество и креирањето и спроведувањето на младинските политики во Република Северна Македонија. Покрај тоа, законот ги дефинира и формите на младинско организирање и учество, а предвидува и формирање на Национално собрание на млади, Национално советодавно тело за младински политики, како и Регистар на форми на младинско организирање. Меѓу институционалните обврски кои произлегуваат од законот се и: донесување стратегии за млади од страна на Владата и општините, формирање младински центри во секоја општина во државата, како и воспоставување на истражувачки центар за младински теми во рамките на Агенцијата за млади и спорт.

Една година по донесувањето на Законот, во првата половина од 2021 година, голем дел од предвидените чекори (кои се неопходни за поставување на темелите на понатамошното спроведување на Законот) се во почетна фаза. На пример, само во 12 општини (од вкупно 81) се формирани Локалните младински совети (Радио МОФ, февруари 2021а), а службеници за млади се назначени во ⅔ од општините (n = 53 од 81) (АМС, јуни 2021). Кога станува збор за органите на државната управа, службеници за млади се назначени во сите 16 министерства и дополнителни 32 институции (АМС, јуни 2021). Постапката за формирање на истражувачки центар во рамки на Агенцијата за млади и спорт е сѐ уште во тек (иако Законот предвидува негово формирање до јануари 2021). По првичниот период за упис од нецели четири месеци, во регистарот на младински организации (во надлежност на Агенцијата за млади и спорт) впишани се едвај 15 ор-

ганизации кои работат во полето на младински политики според квар-талниот преглед објавен на веб-страницата на АМС во април, 2021 година (Агенција за млади и спорт, 2021).

## *Закон за високо образование и одржани студентски избори во 2020*

Студентското учество во Северна Македонија беше тема на горливи дебати во јавноста долги години (за историски преглед види Галевски, 2019; Тројачанец, 2021). Една од клучните промени во законската поста-веност на студентското организирање се случи со донесувањето на но-виот Закон за високо образование (ЗВО) во мај 2018 година, кој предвиде формирање на студентски собранија на две нивоа (факултетско и универ-зитетско) на сите високообразовни институции во земјата. Сепак, првите избори за студентски претставници на шесте државни универзитети (на кои се запишани мнозинството од студентите во државата) според новата правна рамка започнаа да се спроведуваат дури во 2019 година, поради продолжени собраниски процедури за усогласување на Статутите на уни-верзитетите и факултетите со новиот Закон. Ваквото одложување на из-борите е во спротивност со одредбите на Законот за високо образование чијашто содржина налага изборите за факултетските собранија и избори за студентски правобранител да се одржат во рок од шест месеци по ста-пување на сила на Законот.

Важно е да се нагласи дека и покрај задоцнувањето, јавно достапните информации за првите избори за студентски претставници на државните универзитети во текот на 2019 година укажуваат на легитимно спроведе-ни избори без посериозни нарушувања на изборниот процес (на пр. МОФ, 2019; Ангелова и Панев, 2020). Сепак, по успешно спроведените изборни процеси, самото формирање на поголемиот дел од првите универзитет-ски и факултетски собранија (по новиот ЗВО) се случи дури во 2020 го-дина (на пр. Радио МОФ, 2021б). Предизвикот на „изодување“ на новите прописи од страна на новоформираните собранија беше дополнет со предизвиците кои произлегоа од пандемијата на КОВИД-19 и спроведу-вањето на образовниот процес од далечина. Па така, во првата година од новиот начин на студентско организирање, искуствата на студентски-те претставници и самите студенти се поделени – некои сметаат дека го постигнале најдоброто со оглед на здравствената криза, додека за други пандемијата е главниот „виновник“ за нискиот процент на исполнети ак-тивности од годишните планови (Радио МОФ, 2021б).

Откако истекоа мандатите на првите студентски претставници по новиот ЗВО, на некои од државните универзитети веќе се спроведоа или се во тек вторите избори во услови на пандемија. Тоа е случај со Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола  и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје. За останатите четири државни универзитети (Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ – Охрид, Државниот Универзитет во Тетово и Универзитетот „Мајка Тереза“ – Скопје) недостасуваат информации за спроведување, односно најави за распишување на вторите студентски избори (Радио МОФ, 2021б).

Поради пандемијата предизвикана од корона вирусот, она што се јави како новина на вторите студентски избори на универзитетите во Скопје и Битола е можноста тие да бидат спроведени и онлајн, наместо со физичко присуство. Во извештај од спроведен мониторинг на изборите на УКИМ од страна на Младински образовен форум, се наведува дека избори со физичко присуство организирале 7 факултети, додека онлајн избори организирале 14 факултети, а пак 2 од факултетите воопшто не организирале избори (МОФ, 2021). Во извештајот понатаму се нагласува слабиот интерес за кандидирање меѓу студентите, при што на 6 факултети бројот на кандидати бил помал од бројот на делегати кои е потребно да се изберат. Во однос на излезноста, податоците укажуваат дека таа е значајно поголема на факултетите каде изборите биле организирани онлајн, наспроти оние организирани со физичко присуство.

# Зачленување во Северно-атлантската алијанса

Официјалното зачленување во Северно-атлантската алијанса (НАТО) беше стратешка цел на Република Северна Македонија речиси три децении, дефинирана уште во 1993 година со усвојувањето на Резолуцијата за надворешно политичките приоритети на земјата од страна на тогашните пратеници во Собранието. Со официјален статус на земја-кандидат за членство во НАТО, Република Северна Македонија се стекна во април 1999 година, по што започна со подготовка и спроведување на Акциониот план за членство во Алијансата. Неполна деценија подоцна, во 2008 година, на Самитот на НАТО во Букурешт беше донесена одлука државата да добие покана за членство откако ќе се реши спорот за името со Грција. Ваквата формулација беше повторена на следните четири самити во Лисабон, Чикаго, Велс и Варшава во периодот помеѓу 2010 и 2016 година.

Набрзо по потпишувањето на Конечната спогодба за решавање на македонско - грчкиот спор за името и за стратешко партнерство во јуни 2018 година, Северна Македонија доби покана за започнување на пристапните разговори за членство во НАТО на Самитот во Брисел во јули, 2018 година. Пристапните разговори за членство беа завршени неколку месеци подоцна, а постапката за ратификација на Пристапниот протокол за членство на Република Северна Македонија од страна на сите 29 земји членки на Алијансата траеше помеѓу февруари 2019 година и март 2020 година. На крајот од овој процес, Северна Македонија официјално стана рамноправна членка на НАТО со депонирање на инструментот за пристапување кон Северноатлантскиот пакт во Стејт Департментот во САД, по речиси тридецениско работење на оваа стратешка цел.

Зачленувањето на Република Северна Македонија во НАТО е особено важно да се гледа во контекст на прифатените обврски и стандарди за работа на армијата, како и потенцијалните придобивки за државата. Од една страна, како земја-членка Република Северна Македонија треба да одвои минимум 2% од својот годишен бруто-домашен производ за одбрана, цел која се очекува државата да ја постигне во 2024-та година. Од друга страна, анализите на случувањата во соседните земји-членки на НАТО посочуваат на бројни позитивни придобивки во првите пет години по зачленувањето: пораст во БДП-то и странските директни инвестиции,

подобри постигнувања на индикаторите за добро владеење, политичка отчетност и стабилност, како и подобра регулатива и пониска стапка на корупција (на пр. Велковска, 2018).

Сепак, разгледувајќи ги дадените податоци во светло на економската рецесија предизвикана од пандемијата со КОВИД-19, тешко може да се донесе издржан заклучок за потенцијалните ефекти од членството во НАТО врз Република Северна Македонија и нејзините млади граѓани. Со други зборови, иако литературата укажува на позитивна корелација помеѓу членството во НАТО и бенефициите кои произлегуваат од тоа, ќе бидат потребни барем неколку години за да се проценат (ин)директните влијанија на членството на Република Северна Македонија во НАТО врз полиња (ин)директно поврзани со младите (на пр. буџетски пристап кон образовни реформи и младинска невработеност, но и владеење на правото и останати структурни реформи).

# Европски интеграции

И покрај тоа што Република Северна Македонија обезбеди кандидатски статус за пристап во Европската Унија (ЕУ) уште во 2005-тата година (приближно исто време со Хрватска, која сега е земја-членка на ЕУ), земјата сè уште е пред прагот на ЕУ. Долги години, прашањето за името на државата, кое беше предмет на спор со соседна Грција, се сметаше за најголема пречка за започнување на преговарачкиот процес. Со потпишувањето на т.н. Преспански договор, се очекуваше отворање на патот кон долгоочекуваниот почеток на преговори.

Но и покрај таквите очекувања, започнувањето на преговорите беше спречено во два наврати. Најпрво, во октомври 2019 година, претседателот на Франција, Емануел Макрон, одби да дозволи почеток на преговарачкиот процес со земјата, инсистирајќи на тоа дека ЕУ треба да се концентрира пред сè на своите реформи пред да се вклучи во какво било понатамошно проширување, потенцирајќи ја и потребата од нова пристапна методологија за оценување на напредокот на земјите кандидати за членство во унијата. Во ноември 2020 година, следеше втората блокада, овој пат од соседна Бугарија, која стави вето на започнување преговори со ЕУ за Република Северна Македонија, со барање најпрво да се надминат историските, идентитетски и политички недоразбирања помеѓу двете држави. За сега, постојат многу малку оптимистички сигнали кои би навестиле брзо решавање на спорот, а со тоа и повторно придвижување на европските интеграции на државата.

Несомнено, социо-политичките последици од овие блокади можат да бидат сериозни доколку не се дојде до соодветно решение во догледно време. Постои загриженост дека одлуката за одложување/замрзнување на почетокот на преговори на неодредено време ќе се одрази негативно на реформската агенда на државата. Разумно е да се очекува дека ако одлуката за вето не се надмине за краток временски период, Република Северна Македонија може да се соочи со влошување на нивото на корупција, пад на економијата и заостанување во демократизацијата. Покрај тоа, постои ризик да се зголеми евроскептицизмот кај граѓаните, кој досега беше незначителен.

Ефектите од блокадата на ЕУ интеграциските процеси врз младите се директни и значајни. Ако се повикаме на истражувањето спроведено во 2019 година (Галевски, 2019) ќе видиме дека младите изразуваат голема надеж дека државата ќе стане членка на Европската Унија за само неколку години. Просечната година кога тие сметаа дека тоа ќе се случи беше 2025 година, а дури една третина сметаа дека тоа ќе се случи и побрзо (пред 2023 година). Она што е исто така важно да се спомене е дека желбата за миграција кај младите е директно поврзана со нивните очекувања за влез на државата во Унијата. Впрочем, во истражувањето од 2019 година, од оние млади кои се изјаснија дека државата ќе стане членка на ЕУ, дури 86% не размислуваа да се иселат. Ваквиот податок, јасно го нагласува директното значење на зачленувањето во ЕУ за потенцијалните миграциски трендови во Република Северна Македонија. Наодите од споредбената анализа за промените во ставовите на младите кон ЕУ интеграциските процеси помеѓу мај 2019 и декември 2020 година се претставени во понатамошниот текст на оваа студија.

# КОВИД-19 кризата и првични сознанија околу влијанието врз младите

Иако од здравствен аспект младите не се најпогодената возрасна група од КОВИД-19 пандемијата (СЗО, 2020а), таа сепак значајно влијае на сите аспекти од животот на младите и претставува особен ризик за нивното образование, ментално здравје, вработување и расположливиот доход. Всушност дури и пред почетокот на кризата, образовната, социјалната и економската интеграција на младите беше постојан предизвик во нашата земја, но и на глобално ниво. Во овој контекст, веројатно е дека младите и идните генерации на млади ќе почувствуваат голем дел од долгорочните последици на КОВИД-19 кризата доколку не се преземат итни мерки за закрепнување во повеќе сегменти од страна на властите.

## *Економско влијание*

Економското влијание на КОВИД-19 е еден од најголемите ризици за младите луѓе. Резултатите од студијата спроведена од страна на Меѓународната организација на трудот (МОТ, 2020), која ги разоткрива катастрофалните и непропорционалните ефекти од кризата врз младите работници во светски рамки, укажуваат на тоа дека повеќе од едно на секои шест млади лица престанало да работи од почетокот на пандемијата.

Во нашата држава, кризата се очекува да ја зголеми и онака големата младинска невработеност која е една од највисоките во Европа. Според достапните податоци на Државниот завод за статистика, младинската невработеност (15-29 години) во земјава беше во постојан раст во првите 9 месеци од почетокот на пандемијата, со зголемување на стапката на невработеност од 27,3% во првото тромесечје на 2020-та, достигнувајќи 31,2% во третото тромесечје во 2020-та година. Од тогаш има пад во младинската невработеност, која изнесува 28,8% на крајот од првото тромесечје во 2021 година, и со тоа таа се приближува кон вредноста пред пандемијата. Дополнително, според податоците од Агенцијата за вработување за периодот од март 2020 до мај 2020 година, без работа останале речиси 12 илјади луѓе, а 3.300 од нив се под 29 години – што значи дека секој четврти граѓанин кој ја изгубил работата за време на КОВИД-19 пандемијата спаѓа во категоријата млади (Радио Слободна Европа, 2020). Доколку на оваа бројка се додадат и младите кои работат во неформалната

економија веројатно е бројката да биде уште поголема. Во однос на примањата, постоечките наоди укажуваат и дека падот на доходот кај младите е поголем во споредба со падот кај општата популација (за повеќе види Млади во криза 2.0, 2021).

## *Влијание врз образованието*

Покрај економијата, кога се во прашање младите, образованието е најпогодениот сектор од ефектите на КОВИД-19 кризата. Слободно може да се каже дека пандемијата претставува најголемиот шок што образовните системи во светот некогаш го искусиле. За само неколку месеци од почетокот на пандемијата повеќе од 180 земји во светот целосно или делумно ги затворија своите образовни установи, а со тоа повеќе од една и пол милијарда ученици беа принудени да останат дома (УНИЦЕФ, 2020а).

Клучниот предизвик во областа на образованието со кој се соочија скоро сите држави во светот, вклучително и Република Северна Македонија, е како најдобро да се обезбеди континуитет во наставата и да се создадат услови за учење од далечина. Според податоците на Министерството за образование, на ниво на целата држава 90% од учениците ја следат наставата онлајн, додека за останатите ученици се предвидени алтернативни начини на следење на наставата, најчесто преку телевизија или со доставување на печатени материјали до учениците. Ваквиот висок опфат на ученици преку онлајн настава може да се смета за успешен од аспект на тоа дека самиот образовен систем во државата пред пандемијата имаше екстремно низок степен на дигитализација, дигитална инфраструктура и дигитални вештини кај поголемиот дел од наставниот кадар. Сепак, она што останува да се оцени во иднина е квалитетот на наставата за време на пандемијата и колкави се загубите од учењето, особено кај ранливите категории на ученици и студенти. Она што го знаевме и пред кризата од резултатите на меѓународните истражувања како ПИСА е дека нашите ученици покажуваат низок степен на знаење во споредба со нивните врсници во светот, а оваа криза има потенцијал уште повеќе да ги влоши образовните исходи ако не се дејствува брзо и соодветно.

Кога е образованието во прашање треба да се има на ум дека пандемијата не ги погодува сите млади луѓе на ист начин. Негативните влијанија на пандемијата од аспект на образованието за жал најмногу ги чувствуваат оние млади кои доаѓаат од сиромашни семејства или пак се дел од маргинализирани групи (пр. лица со попреченост) и затоа помошта насочена кон нив е најпотребна. Она што се јавува како особен ризик за нашиот

образовен систем во блиска иднина е дел од учениците да го напуштат образовниот процес предвреме поради социо-економските прилики со кои се соочуваат. Според постоечките проекции на глобално ниво, десетици милиони ученици најверојатно веќе никогаш нема да се вратат на училиште поради КОВИД-19 пандемијата (Обединети нации, 2020а).

### *Влијание врз менталното здравје на младите*

КОВИД-19 пандемијата и нејзините социо-економски карактеристики имаат значително влијание и врз менталното здравје и благосостојба на младите. Стресот поттикнат од можноста за зараза, социјалната изолација, ризикот од семејно насилство, нарушените економски, образовни и социјални прилики, како и општата несигурност во однос на иднината, се само дел од начините преку кои КОВИД-19 кризата влијае врз емоционалниот развој и менталното здравје на младите. Дури и пред пандемијата, приближно 1 од 5 млади луѓе во светот живееја со нарушено ментално здравје, а самоубиството претставуваше една од трите водечки причини за смртност кај младите (СЗО, 2020б).

Според истражување спроведено во Велика Британија на млади на возраст помеѓу 13 и 25 години, повеќе од 40% од испитаниците се изјасниле дека нивното ментално здравје е многу полошо од почетокот на пандемијата (Млади умови [Young Minds], 2020). Во слична насока, според американскиот Центар за контрола и превенција на болести, еден од четири млади Американци размислувале за самоубиство за време на пандемијата, за разлика од возрасните кај кои само еден од десет размислувале за истиот чекор (Центар за контрола на болести и превенција, 2020). Понатаму, во студија на УНИЦЕФ спроведена во девет земји скоро половина од младите се изјасниле дека имаат помала мотивација да прават активности во кои обично уживаат, а скоро две третини почувствувале потреба да побараат помош во врска со нивното ментално здравје, но во пракса само половина го направиле тоа (УНИЦЕФ, 2020б). Дополнително, според истата студија, КОВИД-19 пандемијата негативно се одразува и врз перцепцијата на младите за иднината, особено кај младите жени кои се соочуваат со посебни потешкотии (*ibid.*).

Во Република Северна Македонија, во моментов, за жал, сè уште не постојат доволно податоци со кои би се оценило влијанието на КОВИД-19 кризата врз менталното здравје на младите. Според првичните резултати од истражувањето спроведено од страна на УНФПА и Y-PEER, младите во Република Северна Македонија се особено загрижени за влијанието

на пандемијата врз нивното ментално здравје и финансиска состојба. Одговорите на 700 млади лица укажуваат на тоа дека нивниот граѓански ангажман и пристап до здравствени услуги се намалени, пристапот до сеопфатно сексуално образование е речиси непостоечки и притоа, тие се соочуваат со недостиг на информации за тоа како да пријават и одговорат на семејно насилство. Многу од овие проблеми според истражувањето се особено акутни кај младите лица со попреченост (Обединети нации, 2020б).

Оттука, иако грижата за менталното здравје е од фундаментално значење за успешниот развој на младите, тоа досега не е интегрирано во плановите за одговорот на КОВИД-19 кризата од страна на здравствените власти во државата. Со тоа се прави неотповиклива штета по здравјето на младите и се занемаруваат низа долгорочни последици кои младите ќе ги чувствуваат и по самиот крај на пандемијата.

# Мерки насочени кон намалување на ефектите од кризата врз младите

Во Република Северна Македонија, како и во многу други земји, примарниот одговор на кризата во фокус го имаше здравството, особено во првите неколку месеци. По овој иницијален период, беше видлива постепена транзиција на одговорите на државата од непосредно управување со кризата од здравствен аспект кон спроведување на мерки за справување и закрепнување во други области и таргетирање повеќе категории граѓани, вклучително и младите.

Во сетот мерки на Владата за справување со пандемијата досега беа реализирани неколку мерки специфично насочени кон младите, повеќето од нив во областа на економијата и образованието. Како најзначајни се издвојуваат неколкуте видови картички и ваучери во рамки на третиот сет мерки објавени во мај 2020-та година, меѓу кои: еднократен ваучер од 6.000 денари за студенти и средношколци од семејства со ниски примања, за покривање на партиципација на факултетите или за сместување во студентските и ученичките домови; платежна картичка од 3.000 денари наменета за студенти за купување на домашни производи и ваучер од 30.000 денари за кофинансирање на обуки, тренинзи и курсеви за ИТ и дигитални вештини. Во однос на степенот на нивна реализација, документот за политики „Млади во криза 2.0“ кој е посветен токму на ова прашање заклучува дека предвидените мерки се значајно искористени од младите и во приближна мера соодветствуваат со предвидените средства за нив (за повеќе види Млади во криза 2.0, 2021).

Како дополнителни мерки за млади, во декември 2020 година, Владата предвиде субвенционирање на плати на вработени во 48 младински организации и организации за млади од 21.776 денари месечно, за 2 месеца и за хонорарно ангажираните лица во овие организации. На оваа мерка претходеше и повикот на Агенцијата за млади и спорт во јуни 2020 година, за финансиска поддршка на проекти од здруженија и фондации за намалување на негативните ефекти од КОВИД-19 кризата врз младите луѓе. Ваквите мерки се важни доколку се има предвид дека младинските организации се соочуваат со низа финансиски и административни проблеми поттикнати од кризната состојба, што ја ставаат под знак прашање нивната одржливост и можност за задржување на постојниот вработен кадар (за повеќе види Крик 2020).

На локално ниво, во повеќето општини, за целото времетраење на пандемијата е евидентен недостатокот на специфични мерки за млади кои би се надоврзале или пак би ги пополниле празнините на мерките донесени од страна на Владата. Делумен исклучок од ова е подобрувањето на условите за учење од далечина како област во која дел од општините одвојуваат средства за подобрување на интернет мрежата во училиштата и обезбедување на електронски уреди за ученици од социјално ранливи семејства, со цел непречено одвивање на онлајн наставата. Во овој дел, значителен удел имаат и приватните компании кои учествуваат со свои донации за набавување уреди.

Во моментов недостасуваат информации до кој степен овие мерки за млади успеваат да ги намалат последиците од кризата и која е нивната успешност на краток, среден и долг рок. Досега институциите на државата немаат излезено со конкретна анализа фокусирана на младинските мерки која споредбено ќе го прикаже нивниот очекуван и реален ефект врз животот на младите за време на пандемијата. Дополнително, она што останува како отворено прашање, а е значајно за да може да се утврди ефектот од мерките, е анализа на тоа како младите гледаат на досега донесените мерки, до кој степен тие соодветствуваат на нивните потреби и барања и колкав дел од нив биле корисници на самите мерки. Дел од овие прашања се предмет на анализа во понатамошниот текст на оваа студија.

# Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија и застапеност на младите на кандидатските листи и програми

Иако првично планирани за 12 април 2020 година, поради пандемијата на КОВИД-19 и мерките за заштита на населението што произлегоа од вонредната состојба помеѓу 18 март и 22 јуни, предвремените избори за пратеници се одржаа на 15 јули 2020 година. Распоредени во шест изборни единици, на изборите учествуваа вкупно 1.560 кандидати претставници на 15 политички партии и коалиции.

Фокусирајќи се на предвремените парламентарни избори во јули 2020 година како студија на случај, анализата издадена од Фондацијата за демократија на Вестминстер (Галевски и Ѓорѓиовска, 2020) за прв пат го анализираше присуството на младите и адресирањето на младинските прашања во текот на изборниот процес како основен чин на демократско учество. Преку подлабок увид во кандидатските листи и собранискиот состав, како и предизборните програми и програмата за работа на Владата на Северна Македонија, анализата покажа дека младите во голем дел отсуствуваа од политичките процеси поврзани со парламентарните избори во 2020 година.

Иако младите на кандидатските листи беа застапени со релативно висок број претставници (19,17%), тие најчесто се наоѓаа на места со помали шанси за пратенички мандат. Од оваа причина, не изненадува ниската застапеност на млади пратеници во собранискиот состав непосредно по формирањето на Владата, во кој има само четворица пратеници (3,33%) помеѓу 18 и 29-годишна возраст. Дополнително, ниската процентуална застапеност (помалку од 5%) на младите граѓани во законодавниот дом во периодот 2014-2024 година (Галевски и Ѓорѓиовска, 2020), како и младинската перцепција за затвореноста на Собранието кон нив како целна група (Михајловски, 2020) се очекувани ако предвид се земе начинот на кој политичките партии ги третираат младите во своите предизборни програми. Имено, во најголем дел од партиските програми изработени за предвремените избори во јули 2020 година, младите се третирани како објекти и приматели на партиските идеи и планови за младински полити-

ки, наместо активни учесници во нивното подготвување, спроведување и мониторирање (Галевски и Ѓорѓиовска, 2020). Исто така, на предвремените парламентарни избори во јули 2020 година повеќето од партиите и коалициите понудија реторички, апстрактни и нереални ветувања за младински политики. Сепак, најголем дел од учесниците на изборите во голема мера се согласуваат околу тоа како треба да изгледаат предлог-решенијата за најкрупните младински проблеми и потреби.

Токму од оваа причина, особено важно е да се нагласи дека во декември 2020 година, се одржа конститутивната седница на Клубот за младински прашања и политики во Собранието на Република Северна Македонија. Преку повторното конституирање[1] на Клубот за младински прашања и политики, се овозможи континуитет во меѓу-партиската соработка и генерално работата на Собранието во полето на младинските политики. Во вториот состав на Клубот, моментално членуваат 12 пратеници кои се помлади од 35 години. Меѓу стратешките приоритети за работа на Клубот за младински прашања и политики се издвојуваат: надзор над имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики како и буџетот посветен на младите, посети и директни средби со млади, воведување годишна седница за младински прашања и останати прашања од интерес на млади (Клуб за младински прашања и политики, 2021).

1 Клубот за младински прашања и политики за првпат беше формиран во септември, 2017 година. Наскоро по формирањето, ова неформално тело во Собранието на Република Северна Македонија ја иницираше изработката и донесувањето на Законот за младинско учество и младински политики.

# Формирање на нова Влада и кадровски промени во институциите за млади

Набрзо по формирањето на собранискиот состав со мандат 2020-2024 година, беше формирана и новата Влада на Република Северна Македонија. Од интерес на оваа анализа е да се спомене дека во Програмата за работа на Владата (донесена во август, 2020 година), младинските мерки се споменати, но не во сите области кои се обработени во предизборните програми на победничките партии/коалиции и не во иста мера (Галевски и Ѓорѓиовска, 2020). При самото читање на програмата на Владата може лесно да се воочи дека речиси сите мерки за млади се пресликани од програмата на Коалицијата „Можеме“, додека останатите партнери во Владата не учествуваат со свои мерки за млади (Галевски и Ѓорѓиовска, 2020). Оттука, се поставува прашањето до кој степен и дали воопшто коалициските партнери дискутираат за заедничките приоритети што ќе најдат место во владината програма или, пак, мерките по автоматизам се изведуваат од програмата на победникот на изборите (т. е. партијата/коалицијата со најголем број мандати).

Доколку тематски се анализираат областите во кои се споменуваат младите во Програмата за работа на Владата, може да се забележи дека најчесто станува збор за мерки поврзани со економијата, иновациите, образованието и спортот, по што следуваат земјоделството, руралниот развој и културата. Мерките за младите граѓани на државата речиси целосно изостануваат во полето на европски интеграции, како и учеството на младите во процесите на одлучување и работата на институциите. Една од клучните слабости која се провлекува во програмата на Владата е недостатокот на акциски план со прецизно дефинирани начини на изведување на предвидените активности, временската рамка во која е планирана нивната имплементација, како и финансиските импликации кои тие би ги имале врз државниот буџет. Поаѓајќи од ова, кога зборуваме за мерките за млади, се јавува потреба за подобра и попрецизна елаборација на самите програмски определби, без разлика дали се тие дел од програмите на политичките партии или подоцна дел од програмата на Владата.

По формирањето на новата Влада, променети беа и функционерите на чело на клучните институции кои работат во полето на политики од директен интерес на младите. Конкретно, во август 2020 година, дотогаш-

ната министерка за труд и социјална политика Мила Царовска премина на министерската позиција во Министерството за образование и наука, додека на чело на МТСП застана дотогашната пратеничка Јагода Шахпаска. Поради КОВИД-19 пандемијата, главниот фокус на овие институции е насочен кон намалување на ефектите од кризата и планирање на процесот на закрепнување и нормализација. Сепак, во самата програма на новата Влада, изостануваат конкретни мерки за млади кои би следеле како одговор на КОВИД-19 кризата.

Променет беше и директорот на Агенцијата за млади и спорт како главна надлежна институција за младинските прашања и политики во државата. По мандатот од три години на претходниот директор Дарко Каевски[2], за нов директор на Агенцијата за млади и спорт беше именуван поранешниот ракометен репрезентативец Наумче Мојсовски. Тој на позицијата директор на Агенцијата беше назначен од претседателското место во Комисијата за спорт на владејачката партија СДСМ. Сепак, иако поминаа повеќе од шест месеци од почетокот на мандатот на Мојсовски, нејасно е дали има промена во стратешките приоритети на агенцијата, односно на што таа ќе се фокусира во следните четири години под новото раководство.

Во поглед на предизвиците со кои се соочува Агенцијата за млади и спорт спомената во претходното истражување спроведено од Фондацијата за демократија на Вестминстер (Галевски, 2019), неопходно е да се нагласи дека нема поголеми подобрувања. И понатаму, акциските планови за реализација на приоритетите предвидени во Националната стратегија за млади не се следат, а координацијата на државните институции кои креираат и спроведуваат јавни политики за млади е на релативно ниско ниво. Последната кадровска промена на директорската позиција на Агенцијата дополнително го засилува впечатокот дека фокусот на спортот (ќе продолжи да) е несразмерно поголем од оној на младинските потреби, што се рефлектира и во распределбата на средствата предвидени за овие два сектори во АМС (Табела 1).

2 Во периодот на затворање на содржината на публикацијата, Каевски е пратеник и член на Клубот за младински прашања и политики во Собранието на Република Северна Македонија.

Во поглед на финансирањето на јавните политики за млади, особено е важно да се спомене дека иако проектираниот буџет на Агенцијата за млади и спорт за 2020 година беше највисок во дводецениското постоење на институцијата, економската криза предизвикана од пандемијата на КОВИД-19 предизвика кратење на предвидените средства. Дополнително, негативните ефекти од пандемијата се рефлектирани и на проектираниот буџет за 2021 година, кој е намален за 14,5 милиони денари во споредба со 2020 година. И покрај ова намалување, процентот на буџетски средства распределени за спортот, во споредба со оние за младинските политики, останува многу повисок, дури и во пандемски услови. Во табела 1 се претставени средствата доделени за млади и спорт, во рамки на буџетот на Агенцијата за млади и спорт, во периодот помеѓу 2019 и 2021 година.

**Табела 1.** Буџетот на Агенцијата за млади и спорт за периодот 2019-2021 година.

| **Година** | **2019*** | **2020*** | **2021**** |
|---|---|---|---|
| **Вкупен буџет** | 549,402 милиони ден. | 540,960 милиони ден. | 526,436 милиони ден. |
| **Средства доделени за спорт** | 78,56% | 77,27% | 79,7% |
| **Средства доделени за млади** | 4,5% | 3,78% | 3,76% |

*Пресметката е направена според ребалансот на буџетот во соодветната година.

**Пресметката е направена според усвоениот буџет за 2021 година. До затворањето на содржината на публикацијата, информации за планираниот ребаланс на буџетот не беа достапни.



# МЕТОДОЛОГИЈА

За да се добие подлабок увид во факторите кои влијаат на ставовите на младите, како и компаративна слика за потенцијалните промени помеѓу две временски точки (мај 2019 година и декември 2020 година), методолошкиот пристап во ова истражување во голема мера се потпира на пристапот користен во истражувањето објавено од Фондацијата за демократија на Вестминстер во 2019 година. Имено и во ова истражување поимот „млади лица“ се однесува на граѓани на Република Северна Македонија кои се на возраст од 15 до 35 години, иако според Законот за младинско учество и младински политики горната граница за „младост“ е 29 години. Ваквата одлука за проширување на дефиницијата беше донесена земајќи ги предвид аргументите изнесени во стручната литература (на пр. Светска банка, 2003), како и потребата за споредбен пристап кон податоците. Исто така, како и во минатото истражување, социо-политичкото учество на младите во општествените настани се дефинира како членство во различни иницијативи и форми на граѓанско организирање (на пр. граѓански здруженија, неформални активности и понови форми на политички ангажман преку социјалните медиуми).

Истражувањето беше спроведено во две фази. Во првата фаза беше направена деск анализа (desk analysis) која ги опфати релевантните студии, стратешки документи и останати информации за јавни политики поврзани со младинските прашања, кои биле објавени во периодот помеѓу октомври 2019 година и мај 2021 година. Целта на оваа фаза беше информирање на истражувачкиот пристап, анализа на општествените промени помеѓу двете временски точки (презентирани во поглавјето „Релевантни промени во локалниот контекст“) и збогатување на сознанијата претставени во поглавјата „Наоди од телефонската анкета од репрезентативниот примерок“ и „Наоди од телефонската анкета од дополнителните примероци“, особено во делот на институционални мерки и истражувања поврзани со пандемијата на КОВИД-19, како и нејзиното влијание врз младата популација на Република Северна Македонија.

Во втората фаза беше спроведена телефонска анкета[3] на национален примерок млади граѓани на Северна Македонија (n = 1.133 испитаници), од страна на истражувачката агенција ТИМ Институт во периодот од 1 до 13 декември 2020 година. Примерокот беше поделен на два дела: национално репрезентативен примерок по принципот на случаен избор[4] (n = 1.053 испитаници) и дополнителен „бустер“ примерок (n = 80 испитаници), кој беше вклучен во телефонската анкета за да се добие подобар увид во демографските групи млади кои се помалку застапени во национално репрезентативниот примерок и други истражувања од ваков тип. Станува збор за млади лица со сензорна и/или моторна попреченост и млади од помали етнички заедници (Срби, Турци, Роми, Власи и други етнички заедници). Поради ова, во натамошниот текст при презентирање на податоците ќе биде назначено за кој дел од примерокот вклучен во истражувањето станува збор.

Прашалникот користен во телефонската анкета ги опфати следните теми: 1) перцепции на младите за општествените текови во земјата (6 прашања), 2) миграции и поглед кон иднината кај младите (2 прашања), 3) доверба во институции и лично влијание (4 прашања), 4) граѓанско учество на младите во општеството (4 прашања), 5) политичко учество и учество во процесите на одлучување (5 прашања), 6) влијанието на КОВИД-19 врз младите (6 прашања) и 7) ставови за општествено политичка активност, политички вредности и критичка мисла (2 прашања). Дополнително, беа вклучени и десет социо-демографски прашања (пол, возраст, етничка припадност, место на живеење, ниво на образование, семеен статус, работен и финансиски статус, како и учество во форми на граѓанско здружување и организирање).

3 Стапката на одговарање, односно учество во анкетата е 66%.

4 Ниво на сигурност 95%, со маргина на грешка: +3.46%.

# Опис на национално репрезентативниот примерок

Во национално репрезентативниот примерок (n = 1053 испитаници), подеднакво беа опфатени испитаници од машки и женски пол. Испитаниците на возраст помеѓу 15 и 18 години претставуваат 13,6% од примерокот, на возраст помеѓу 19 и 23 години 30%, помеѓу 25 и 29 години 23,2%, а на возраст помеѓу 30 и 35 години 33,2% (Графикон 1).

**Графикон 1.** Дистрибуција на национално репрезентативниот примерок по возрасни групи.




Во поглед на етничката припадност, 67,7% од испитаниците беа Македонци, 23,6% Албанци и 8,6% припадници на помалите етнички заедници (Срби, Турци, Роми, Власи и други етнички заедници) (Графикон 2). Кога станува збор за местото на живеење, 59,4% од испитаници живеат во град, а преостанатите 40,6% на село (Графикон 3), при што речиси една третина од примерокот (29,7%) живее во Скопскиот регион (Графикон 4).

**Графикон 2.** Дистрибуција на испитаниците од репрезентативниот примерок според етничката припадност.




**Графикон 3.** Дистрибуција на испитаниците од репрезентативниот примерок според местото на живеење.



**Графикон 4.** Дистрибуција на испитаниците од репрезентативниот примерок според местото на живеење.




Што се однесува до степенот на образование на испитаниците, 2,2% од нив беа со завршено основно образование, 13,9% во моментот на спроведување на анкетата посетуваа настава во средно училиште, 40,8% имаа завршено средно образование, 18,9% беа на додипломски студии, 18,4% ги имаа завршено истите, 4,2% беа запишани на магистерски или докторски студии, а 1,6% ги имаа завршено (Графикон 5). Според работниот статус на испитаниците, 30,9% од нив беа во образовниот процес и зависат од други, 4,9% беа невработени, но не барале работа, 13,9% беа вработени кои барале работа, 1,6% беа вработени, но непријавени (на пр. работници на договор на дело), 4% беа самостојно вработени, 32,6% беа вработени во приватниот сектор, а 12,2% во јавниот (Графикон 6).

**Графикон 5.** Дистрибуција на испитаниците од репрезентативниот примерок според образовно ниво.




**Графикон 6.** Дистрибуција на испитаниците од репрезентативниот примерок според работен статус.



Запрашани да го проценат достапниот месечен буџет во своето семејство, 48,8% од испитаниците изјавија дека тој е во пристојни рамки, односно е доволен за задоволување на нивните потреби (Графикон 7). 35,8% изјавија дека со достапниот месечен буџет некако успеваат да преживеат, но тоа е далеку од комотно. За 10,9% семејниот буџет е низок и многу тешко се преживува, додека за преостанатите 4,5% семејниот буџет е одличен и повеќе од доволен за задоволување на сите нивни потреби. Во поглед на личниот финансиски статус, 73,2% од испитаниците го оценуваат како просечен, за 22,1% е под просекот, а за преостанатите 4,7% е над просекот (Графикон 8).

**Графикон 7.** Дистрибуција на испитаниците од репрезентативниот примерок според семејниот месечен буџет.




**Графикон 8.** Дистрибуција на испитаниците од репрезентативниот примерок според личниот финансиски статус.



Во поглед на членството на испитаниците во некоја од формите на граѓанско и/или младинско организирање достапни во земјата, дури 74,1% не членуваат никаде, а останатите 25,9% се членови во барем една од понудените форми. Па така, 5,4% од испитаниците членуваат во граѓанска или младинска организација или иницијатива, 5,7% во средношколска заедница или студентско собрание, 4,7% во неформална граѓанска иницијатива, 11,7% членуваат во политичка партија или нејзин подмладок, 2,2% во синдикат и 4% во други форми на граѓанско здружување (Графикон 9). Интересно е да се нагласи дека од сите форми на организирање кои ги опфати прашалникот, членувањето во политички партии, односно подмладоци се издвои како најчесто помеѓу испитаниците. Станува збор за речиси двојно поголем број млади кои членуваат во политички партии, односно подмладоци (11,7%) од следната најчеста форма на здружување, граѓанските/младинските организации или иницијативи (5,4%).

**Графикон 9**. Дистрибуција на испитаниците од репрезентативниот примерок според членството во различни форми на граѓанско организирање.[5]




5 При одговарањето на ова прашање, испитаниците имаа можност да ги означат сите форми на граѓанско организирање во кои членуваат.

# Опис на дополнителните примероци

Во телефонската анкета беше вклучен дополнителен „бустер“ примерок (n = 80 испитаници), за да се добие подобар увид во демографските групи млади кои се помалку застапени во национално репрезентативниот примерок и други истражувања од ваков тип. Станува збор за млади лица со сензорна и/или моторна попреченост и млади од помали етнички заедници (Срби, Турци, Роми, Власи и други етнички заедници). Поради ова, во натамошниот текст при презентирање на податоците ќе биде назначено за кој дел од примерокот вклучен во истражувањето станува збор.

## *Лица со сензорна и/или моторна попреченост*

Од примерокот на лица со сензорна и/или моторна попреченост (n=36), 25% беа од женски пол, а 75% од машки. Во поглед на највисокото ниво на завршено образование, за 27,8% од испитаниците тоа е основното образование, за 52,8% средното образование, а 8,3% имаат завршено додипломски, магистерски и докторски студии. Преостанатите 11,1% од испитаниците во моментов се во средно образование, односно зависат од други. Што се однесува до работниот статус на испитаниците, најголем дел од нив (27,8%) се невработени и не бараат работа, по што следуваат вработените во приватниот сектор (25%), невработените испитаници кои бараат работа (22,2%) и вработените во јавниот сектор (13,9%). Речиси две третини од испитаниците (63,9%) го оценуваат својот финансиски статус како потпросечен, една третина (33,3%) како просечен, а само 2,8% како натпросечен.

### *Млади лица од помали етнички заедници*

Од примерокот млади од помали етнички заедници (Срби, Турци, Роми, Власи и други етнички заедници) (n = 143), 48% беа од женски пол, а 52% од машки. Во поглед на највисокото ниво на завршено образование, за 17,5% од испитаниците тоа е основното образование, за 49,7% средното образование, а 28% имаат завршено додипломски, магистерски и докторски студии. Преостанатите 4,9% од испитаниците во моментов се во средно образование. Што се однесува до работниот статус на испитаниците, речиси една третина (30,1%) се невработени и бараат работа, по што следуваат вработените во приватниот сектор (18,9%), вработените во јавниот сектор (17,5%), испитаниците кои се во образовен процес и зависат од други (16,8%), невработените испитаници кои не бараат работа (10,5%), самостојно вработените (5,6%) и вработените испитаници кои не се пријавени (0,7%). Половина од испитаниците (51%) го оценуваат својот финансиски статус како потпросечен, 46,2% како просечен, а само 2,8% како натпросечен.

# Ограничувања на истражувањето

Едно од главните потенцијални ограничувања на нашето истражување кое треба да се земе предвид е специфичниот период во кој тоа беше спроведено. Имено, самото истражување беше спроведено во екот на КОВИД-19 пандемијата (декември, 2020 година) и во услови на зголемена политичка неизвесност на надворешен план предизвикана од бугарското вето за почетокот на преговори со Унијата од страна на Република Северна Македонија.

Како ограничувања може да се земе и самиот карактер на прашалникот кој во себе содржи т.н затворени прашања (closed-ended questions) на кои од испитаниците се бара одговор на претходно дефинирани опции на одговори. Ваквото ограничување е впрочем и едно од најкарактеристичните за истражувања од ваков тип кое се наведува во стручната литература (Babbie, 2009).

И покрај ваквите ограничувања, веруваме дека ова истражување кое е спроведено на репрезентативен примерок на млади видно ќе го збогати нашето разбирање на перцепцијата на младите во однос на повеќе клучни социо-политички параметри.



# НАОДИ ОД ТЕЛЕФОНСКАТА АНКЕТА ОД РЕПРЕЗЕНТАТИВНИОТ ПРИМЕРОК

# Перцепции на младите за општествените текови во земјата и нивната позиција во општеството

## *Генерална оценка на младите за насоката во која се движи државата*

На почетокот од телефонската анкета, од испитаниците беше побарано да проценат дали работите во земјата се движат во правилна или погрешна насока, за што младинските ставови се поделени (графикон 10). Речиси една четвртина од испитаниците (23,8%) сметаат дека работите во земјата се движат во правилна насока, додека повеќе од една третина (35,4%) сметаат дека насоката во која се движи земјата е погрешна. Најголем дел од испитаниците (37,5%) сметаат дека земјата се движи ниту во правилна, ниту во погрешна насока. Во споредба со генералната популација (ИРИ, 2021), интересно е да се забележи дека младите покажуваат релативно слични ставови со останатите полнолетни граѓани - 20% од нив сметаат дека земјата се движи во правилна насока, а 28% во погрешна насока. Единствената поголема разлика се појавува кај испитаниците кои сметаат дека Република Северна Македонија не се движи ниту во правилна, ниту во погрешна насока (50% од генералната популација, наспроти 37,5% од младите).

Ако се направи споредба со податоците од мај 2019 година, може да се забележи намалување од 7,6% во бројот на испитаници кои сметаат дека работите во земјата се движат во правилна насока и зголемување од 11,7% во бројот на испитаници кои сметаат дека земјата се движи во погрешна насока. Ваквите промени може да се толкуваат во светло на социо-економската криза предизвикана од пандемијата на КОВИД-19,

како и застојот во евроинтеграциските процеси поради двете блокади од Франција (во октомври, 2019 година) и Бугарија (ноември, 2020 година).

**Графикон 10.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците од национално репрезентативниот примерок на прашањето „Општо земено, дали работите во земјата се движат во правилна или погрешна насока?“ во мај 2019 и декември 2020 година.




При анализа на влијанието на демографските варијабли врз ставовите на испитаниците, како значаен фактор за нивото на оптимизам се издвои достапниот месечен буџет во нивното семејство. Слично како во истражувањето од 2019 година, испитаниците со многу низок семеен буџет беа приближно двапати поубедени од останатите испитаници дека земјата се движи во погрешна насока (графикон 11). Сепак, дури и во групата испитаници со семеен буџет кој ги надминува сите нивни потреби една третина од младите (27,7%) сметаат дека државата се движи во погрешна насока.

**Графикон 11.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците од национално репрезентативниот примерок на прашањето „Општо земено, дали работите во земјата се движат во правилна или погрешна насока?“, поделени според достапниот месечен буџет во нивното семејство.




Во првиот дел од анкетата, од испитаниците беше побарано и да проценат како ќе се промени државата за пет години, во поглед на младите. Речиси еднаков број на испитаници сметаат дека за пет години државата ќе биде подобро (30,5%) и полошо место за живеење (27,9%) (графикон 12). За споредба со поширокатa популација, интересно е да се напомене дека дури 79% од граѓаните сметаат дека денешната генерација млади луѓе немаат добра иднина во државата, а само 16% од граѓаните имаат спротивен став (ИРИ, 2021).

Споредено со одговорите на младите од мај 2019 година, може да се забележат одредени поместувања во ставовите на испитаниците. Како најзначајни се издвојуваат намалувањето од 5% во групата млади со став дека државата за 5 години нема да биде ниту подобро, ниту полошо место за живеење за младите и зголемувањето од 6,8% во групата млади кои сметаат дека за 5 години Северна Македонија ќе биде многу полошо

место за живеење за младите. Ваквите поместувања може да се последица на промените во социо-политичкиот и економскиот контекст во државата во изминатите 18 месеци, споменати во поглавјето „Релевантни промени во локалниот контекст“.

**Графикон 12.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците од национално репрезентативниот примерок на прашањето „Според тебе, за 5 години од денес државата ќе биде…“ , во мај 2019 и декември 2020 година.




Слично како и кај претходното прашање, испитаниците со просечен, односно натпросечен финансиски статус покажуваат поголем оптимизам за промените во државата во следните 5 години (графикон 13). Сепак, важно е да се нагласи дека без разлика на финансискиот статус, приближно една третина од трите групи испитаници сметаат дека во наредните 5 години во државата нема да се случат значајни промени, односно таа ќе стане ниту подобро ниту полошо место за живеење на младите.

**Графикон 13.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците од национално репрезентативниот примерок на прашањето „Според тебе, за 5 години од денес државата ќе биде…“, поделени според финансискиот статус.




Запрашани да го оценат сопственото задоволство со своето место како млади луѓе во општеството, испитаниците понудија одговори слични на податоците од мај 2019 (графикон 14). Речиси две третини од испитаниците (64,8%) се целосно или делумно незадоволни од своето место во општеството, додека приближно една третина (33,7%) од испитаниците се целосно или делумно задоволни. Ваквите податоци се изненадувачки ако се земе предвид фактот дека младите се една од најпогодените групи од пандемијата на КОВИД-19 (Млади во Криза 2.0, 2021), поради што се очекуваше посилно изразена тенденција за песимистични одговори.

**Графикон 14.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците од национално репрезентативниот примерок на прашањето „Како млад човек, колку си лично задоволен од своето место во општеството?“ во мај 2019 и декември 2020 година.




Финансискиот статус на испитаниците е значаен фактор и за нивните одговори во поглед на задоволство од своето место во општеството. Слично на резултатите од истражувањето во 2019 година, испитаниците со потпросечен финансиски статус се речиси два пати понезадоволни од своето место во општеството, во споредба со нивните врсници со натпросечен финансиски статус (графикон 15).

**Графикон 15.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците од национално репрезентативниот примерок на прашањето „Како млад човек, колку си лично задоволен од своето место во општеството?“, поделени според финансискиот статус.




При анализа на поврзаноста на етничката припадност со нивото на задоволство на испитаниците од нивното место во општеството како млади луѓе, забележливо е зголемување на нивото на незадоволство кај сите етнички заедници во споредба со резултатите од мај 2019 година (графикон 16). Ваквата промена може да се должи на надворешните блокади во ЕУ интеграциите и/или негативните ефекти од пандемијата на КОВИД-19 и мерките со кои се третираа овие ефекти врз младите граѓани на Република Северна Македонија. Сепак, важно е да се нагласи зголемувањето на незадоволството кај испитаниците од албанскиот етникум за 17,5%, кои во мај 2019 година покажаа значајно повисок оптимизам од другите етнички групи. Една можна интерпретација на оваа промена е посилната лична приврзаност кон идејата за членство во ЕУ кај етничките Албанци во земјата (Дамјановски и Kircher, 2019). Ваквата приврзаност може да предизвика поизразено незадоволство поради застојот во евроинтеграциите и негативните ефекти кои тој ги има врз можностите за иден личен развој и кариерно унапредување на испитаниците од албанската етничка заедница.

**Графикон 16.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците од национално репрезентативниот примерок на прашањето „Како млад човек, колку си лично задоволен од своето место во општеството?“, поделени според етничката припадност, во мај 2019 и декември 2020 година.




Доколку се погледне нивото на задоволство на испитаниците со своето место во општеството од аспект на нивното членство во различни форми на граѓанско организирање, може да се забележи дека значително повисоко ниво на задоволство изразуваат младите кои се членови на барем една форма на граѓанско организирање (на пр. граѓанска или младинска организација или иницијатива, средношколска заедница или студентско собрание, неформална граѓанска иницијатива, политичка партија/подмладок, синдикат, и др. форми). Па така, 49,5% од младите кои членуваат барем во една форма на граѓанско организирање се задоволни од своето место во општеството, додека ова е точно за приближно една третина (28,8%) од младите кои не членуваат во ниту една од понудените форми на граѓанско организирање (графикон 17). Ваквите наоди ја потенцираат важноста на различните форми на граѓанско организирање

за процесите на развивање на младинската дејственост и зголемување на социо-политичкото учество. Оттука, младите кои активно се вклучени во општествениот живот имаат попозитивна слика за себе и сопственото место како млад човек во Северна Македонија.

**Графикон 17.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците од национално репрезентативниот примерок на прашањето „Како млад човек, колку си лично задоволен од своето место во општеството?“, поделени според членството во форми на граѓанско организирање.



## *Младинските ставови за европската перспектива на Северна Македонија*

На темата евроинтеграциски процеси и перцепциите на младите граѓани на Република Северна Македонија за напредокот на земјата кон ЕУ во последната година[6], мислењата на младите се поделени. Речиси еднаков број на млади сметаат дека земјата е поблиску до влез во ЕУ (29,3%) и дека ситуацијата не е променета (29,2%), додека 34% сметаат дека земјата во декември 2020 година беше подалеку од влезот во ЕУ од декември 2019 година (графикон 18). Ваквите ставови на младите може да се толкуваат како последица на неуспешниот почеток на пристапните преговори на Самитот на ЕУ во декември 2019 година (поради блокадата од Франција), како и ветото од Бугарија во ноември 2020 година.

**Графикон 18.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците од национално репрезентативниот примерок на прашањето „Дали сметаш дека сме поблиску или подалеку од влезот во Европската Унија, во однос на ова време минатата година?“.




Доколку се погледне поврзаноста помеѓу перцепциите на младите за напредокот кој го постигнала земјата во поглед на членството во ЕУ и нивниот финансиски статус, не изненадува податокот дека ставовите на испитаниците со потпросечен финансиски статус се речиси два пати понегативни од ставовите на испитаниците со просечен, односно натпросечен статус (графикон 19). Иако перцепцијата за недостаток на промени е речиси еднакво застапена кај испитаниците без разлика на нивниот финансиски статус, оптимистичните перцепции за приближувањето кон влезот во ЕУ растат како што расте и финансискиот статус на испитаниците (што беше случај и во истражувањето во 2019 година).

6 Прашањето се однесуваше на периодот декември 2019 - декември 2020 година.

**Графикон 19.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците од национално репрезентативниот примерок на прашањето „Дали сметаш дека сме поблиску или подалеку од влезот во Европската Унија, во однос на ова време минатата година?“, поделени според финансиски статус.

Според финансиски статус




Запрашани дали Република Северна Македонија некогаш ќе стане членка на Европската Унија, 44% од испитаниците даваат потврден одговор, додека една третина (32%) не се согласуваат. Во споредба со податоците од мај 2019 година, може да се забележи намалување од 15,2% во оптимизмот за зачленување во ЕУ и зголемување од 11,5% во несигурноста по ова прашање (графикон 20). Разликите помеѓу резултатите може да се толкуваат во насока на надворешните политички влијанија во временските периоди кога се прибираа податоците. Имено, во мај 2019 година (помалку од една година по решавањето на спорот со Грција) преовладуваше генерален оптимизам за евроинтеграциите и се очекуваше брз старт на пристапните преговори со ЕУ. На прибирањето на податоците во декември 2020 година му претходеа две блокади на евроинтеграциските процеси (од Франција во октомври 2018 година и од Бугарија во ноември 2020 година).

**Графикон 20.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците од национално репрезентативниот примерок на прашањето „Според тебе, дали нашата земја некогаш ќе стане членка на Европската Унија?“ во мај 2019 и декември 2020 година.




Ако се анализираат податоците во поглед на влијанието на возраста врз ставовите на испитаниците, претходно споменатиот пад во оптимизмот за зачленување во ЕУ може да се забележи во сите возрасни групи (графикон 21). Во споредба со мај 2019 година кога оптимизмот се движел околу 60% во сите возрасни групи, во декември 2020 година станува збор за 10-20% пониска стапка на оптимизам. Слично на податоците од истражувањето во 2019 година, најголема стапка на несигурност (29,4%) дали Северна Македонија ќе стане членка на ЕУ се забележува кај најмладите испитаници, на возраст од 15 до 18 години. Истовремено и во ова истражување се забележува поврзаноста помеѓу возраста на испитаниците и нивната скептичност во поглед на изгледите на државата за членство во ЕУ. Со други зборови, скептичноста за влезот на Република Северна Македонија во ЕУ расте, како што растат и младите. Сепак, интересно е да се забележи дека податоците од декември 2020 година посочуваат на најцврсти ставови по ова прашање кај возрасната група помеѓу 30 и 35 години. Кај овие испитаници се забележуваат и највисокиот оптимизам (47,4%) и највисокиот песимизам (36,3%).

**Графикон 21.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците од национално репрезентативниот примерок на прашањето „Според тебе, дали нашата земја некогаш ќе стане членка на Европската Унија?“, поделени според возраст.

Според возраст




Кога станува збор за поврзаноста помеѓу оптимизмот за зачленувањето во ЕУ и етничката припадност, воочливи се промени во сите етнички групи (графикон 22). Иако во мај 2019 година речиси сите испитаници од албанска етничка припадност (93,6%) беа оптимистични за влезот на Република Северна Македонија во ЕУ, во декември 2020 година стапката на оптимизам се намалува за цели 34%. Кај испитаниците од оваа етничка заедница, се забележува и зголемување во песимизмот (за 16,4%) и несигурноста (за 12%) за зачленувањето на Република Северна Македонија во ЕУ. Значајна промена се забележува и кај испитаниците од помалите етнички заедници. Додека во мај 2019 година 64,3% од испитаниците изразија оптимизам за влезот на Република Северна Македонија во ЕУ, во декември 2020 овој број се намалува за 24,7%. Кај испитаниците од помалите етнички заедници, се забележува и раст на песимизмот (за 17%) и несигурноста (за 7%). Најмали промени во ставовите на младите за потенцијалното зачленување на Северна Македонија во ЕУ се забележуваат кај испитаниците од македонска етничка припадност. Станува збор за пад од 8,3% во поглед на оптимизмот и раст од 8,3% во несигурноста на испита-

ниците. Сепак, песимизмот за шансите на Република Северна Македонија да стане членка на ЕУ е релативно стабилен (околу 37% од испитаниците од македонската етничка заедница), што може да е показател за цврсти ставови кои тешко подлежат на промена, без разлика на околностите.

**Графикон 22.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците од национално репрезентативниот примерок на прашањето „Според тебе, дали нашата земја некогаш ќе стане членка на Европската Унија?“, поделени според етничка припадност.

Според етничка припадност




Генералниот пад на оптимизмот во сите етнички групи може да се толкува како директна рефлексија на политичките случувања во полето на евроинтеграциските процеси (набрзо по промената на државното име, се случија две блокади на пристапните преговори и промена во преговарачката методологија). Во оваа насока, важно е да се спомене и релативно ниското ниво на информираност на испитаниците (повеќе од половина ретко/никогаш не се информираат за политичките настани) за кое ќе стане подетално збор подоцна (стр. 66). Имајќи ги овие два фактори предвид, можно е високите очекувања засновани на малку информации лесно да преминат во песимизам, особено во период во кој дополнително се комплицира патот на земјата кон ЕУ. Од друга страна, од оваа интерпретација не може да се исклучи и потенцијалното влијание на пандемијата на КОВИД-19, во насока на генерален песимизам за иднината на државата

и негативно „боење“ на останатите аспекти од стратешките приоритети на Република Северна Македонија.  Сепак, останува отворено прашањето зошто општествените настани поврзани со евроинтеграциите влијаат драстично различно на етничките групи во земјата, за што прибраните податоци не даваат јасен одговор.

Доколку се анализира поврзаноста помеѓу финансискиот статус на испитаниците и нивните ставови кон потенцијалното зачленување на Република Северна Македонија во ЕУ, значајно е да се забележи дека испитаниците со потпросечен финансиски статус изразуваат и најголем песимизам (дури 47,6%) и најголема несигурност (27%) во поглед на евроинтеграциите. Во оваа насока, песимизмот и несигурноста се драстично пониски, а оптимизмот повисок кај испитаниците со просечен, односно натпросечен финансиски статус (графикон 23).

**Графикон 23.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците од национално репрезентативниот примерок на прашањето „Според тебе, дали нашата земја некогаш ќе стане членка на Европската Унија?“, поделени според финансиски статус.



Ако се анализираат ставовите на испитаниците кон потенцијалниот влез на земјата во ЕУ и нивните очекувања за тоа какво место за живеење за младите ќе биде Република Северна Македонија за 5 години, може да се забележи поврзаност (графикон 24). Очекувано, младите кои сметаат дека Северна Македонија нема да стане членка на ЕУ покажуваат поголем песимизам во однос на тоа какво место за живеење за младите ќе биде државата во следните 5 години. Па така, од младите кои сметаат дека земјата нема да влезе во ЕУ само 11,54% изјавуваат дека Република Северна Македонија ќе стане подобро место за живеење на младите, во споредба со дури 53,32% од младите кои се оптимистични за шансите на државата за влез во ЕУ. Оттука, од резултатите може јасно да се увиди дека оптимизмот за иднината на државата кај младите е многу тесно поврзан со европската перспектива на земјата.

**Графикон 24.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците од национално репрезентативниот примерок на прашањето „Според тебе, дали нашата земја некогаш ќе стане членка на Европската Унија?", поделени според очекувањата за промените во Северна Македонија за 5 години.




Според испитаниците кои сметаат дека Република Северна Македонија ќе стане членка на ЕУ (44,3% од репрезентативниот примерок), просечната година во која тоа може да се очекува е 2026 година (графикон 25). Слично на податоците од мај 2019 (кога станувало збор за 2025 година), младите во просек очекуваат зачленување на Северна Македонија

во ЕУ во период од 5-6 години од моментот на прибирање на податоците. Дополнително, ако се споредат одговорите на младите со ставовите на пошироката популација по ова прашање (Дамјановски, 2021), може да се заклучи дека младите покажуваат поголем оптимизам во однос на брзината со која Република Северна Македонија би можела да се зачлени во ЕУ. Па така, според мнозинството (58%) од вкупниот број млади испитаници кои се оптимистични во поглед на македонското членство во ЕУ (n = 467), тоа може да се случи помеѓу 2020 и 2025 година. Овој став го дели речиси една половина (48%) од пошироката популација граѓани на Република Северна Македонија. Во слична насока, една третина од младите (33%) сметаат дека зачленувањето на Република Северна Македонија во ЕУ би се случило помеѓу 2026 и 2030 година, додека вакви очекувања имаат само 25% од сите граѓани.

**Графикон 25.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците од национално репрезентативниот примерок на прашањето „Во која година мислите дека нашата земја ќе стане членка на ЕУ?“.




Иако постојат одредени поместувања во очекувањата на испитаниците (споредбен приказ на графикон 26), може да се забележи стабилен тренд на оптимизам кај младите во врска со временскиот период потребен за зачленување во ЕУ. Слично на истражувањето од 2019 година, се чини интересен податокот дека не се појавуваат значајни разлики помеѓу етникумите во однос на очекувањата кога Северна Македонија би станала членка на ЕУ и покрај значително повисокиот оптимизам за влезот на земјата во ЕУ кај испитаниците од албанска етничка заедница. Дополнително, важно е да се земат предвид неуспешниот обид за почеток на при-

стапните преговори на Самитот на ЕУ одржан во октомври 2019 година, промената во преговарачката методологија и блокадата од соседна Бугарија во ноември 2020 година. Во овој контекст, важно е да се спомене дека иако кај испитаниците се забележува пад во вербата дека Северна Македонија некогаш ќе стане членка на ЕУ, тоа не ги менува амбициозните и потенцијално нереалистични очекувања за завршување на пристапниот процес до 2026 година. Временската рамка од 5-6 години од моментот на прибирање на податоците се чини дополнително нереалистична, ако се земат предвид искуствата на најновите членки на ЕУ (Романија, Бугарија и Хрватска) на кои им беше потребна речиси една деценија за завршување на преговорите за членство.

**Графикон 26.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците од национално репрезентативниот примерок на прашањето „Во која година мислиш дека нашата земја ќе стане членка на ЕУ?“ во мај 2019 и декември 2020 година.



## *Навиките за информирање на младите*

Запрашани колку често ги следат и се интересираат за политичките настани во земјата, повеќе од половина (56%) од испитаниците одговориле дека тоа прават ретко или никогаш. Од друга страна, една третина (29,2%) тоа го прават понекогаш, а 14,4% често ги следат политичките настани (графикон 27).

**Графикон 27.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците од национално репрезентативниот примерок на прашањето „Колку често следиш и се интересираш за политичките настани и случувања во земјата?“.




Во споредба со податоците од мај 2019 година, нема поголеми поместувања, што зборува за релативно стабилни трендови кај младата популација. Сепак ова отвора прашање за начинот на кој се градат нивните ставови и на кои информации тие се темелат. Па така, ако се погледнат податоците добиени за повеќе прашања во телефонската анкета (на пр. насоката во која се движи државата, шансите на Република Северна Македонија за влез во ЕУ, проценката кога тоа би можело да се случи, ставовите поврзани со КОВИД-19 во понатамошните делови од истражувањето итн.), се добива впечаток за цврсто изградени ставови кај мнозинството од испитаниците. Нејасно е како всушност младите ги формираат своите ставови, ако над 85% од примерокот немаат изградено навики за редовно информирање за политичките настани во земјата. Уште поважно, овие податоци се од исклучително практично значење за општествениот поредок во државата, кога ќе се поврзат со гласачките навики на младите.

Во овој контекст, податоците зборуваат за прилично висока излезност од страна на младите (79% од примерокот), но загрижува нивното ниво

на информираност за општествените настани во земјата. Детална анализа на податоците за гласачките навики на младите е понудена понатаму во текстот.

Од демографска перспектива, интересно е да се нагласи дека прашањето за младинските навики за информирање е едно од ретките прашања каде се појавува полова разлика во одговорите. Земајќи ги предвид постоечките општествени норми и родови улоги, очекувана е информацијата дека испитаниците почесто се информираат за политичките случувања во земјата од испитаничките (графикон 28). Додека речиси половина од испитаниците (49,4%) често или понекогаш се информираат за општествените настани, само 38% од испитаничките го прават тоа. Еднакво очекувани се и разликите помеѓу возрасните групи. Слично на податоците од 2019 година, како што се зголемува возраста на испитаниците, така расте и процентот на млади кои често/понекогаш се информираат за случувањата во земјата (графикон 29). Па така, само една третина (33,6%) младите од 15-18 годишна возраст се информираат за настаните во државата, а на возраст од 30-35 години овој број достигнува повеќе од една половина (52,8%).

**Графикон 28.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците од национално репрезентативниот примерок на прашањето „Колку често следиш и се интересираш за политичките настани и случувања во земјата?", поделени по пол.



**Графикони 29.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците од национално репрезентативниот примерок на прашањето „Колку често следиш и се интересираш за политичките настани и случувања во земјата?“, поделени по возраст.

Според возрасни групи




Меѓу очекуваните демографски варијабли кои се значајно поврзани со навиките за информирање на младите се вбројува и нивото на образование. Па така, приближно една половина од испитаниците кои имаат завршено додипломски/постдипломски студии или во моментов се на магистерски/докторски студии понекогаш/често ги следат политичките настани и случувања во земјата (графикон 30).

**Графикон 30.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците од национално репрезентативниот примерок на прашањето „Колку често следиш и се интересираш за политичките настани и случувања во земјата?“, поделени по образование.




Кога станува збор за разликите во интересот за политичките настани помеѓу различните етнички заедници, особено се издвојуваат испитаниците од албанскиот етникум (графикон 31). Речиси една половина од нив (53,2%) често/понекогаш ги следат политичките настани во земјата, додека ова е случај само за 41,5% од испитаниците Македонци и 36,7% од испитаниците од помалите етнички заедници. Прибраните податоци не даваат увид во причината за ваквиот јаз во навиките за информирање помеѓу етничките заедници.

**Графикон 31.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците од национално репрезентативниот примерок на прашањето „Колку често следиш и се интересираш за политичките настани и случувања во земјата?“, поделени по етничка припадност.




Во овој дел, важно е да се нагласи и поврзаноста помеѓу навиките за информирање на младите и стапката на нивното членство во различни форми на граѓанско организирање (на пр. граѓанска или младинска организација или иницијатива, средношколска заедница, или студентско собрание, неформална граѓанска иницијатива, политичка партија/подмладок, синдикат и други форми). Очекувано, испитаниците кои се членови на минимум една форма на граѓанско организирање покажуваат поголемо ниво на интерес за политичките настани и случувања во земјата од оние кои не се членови (графикон 32). Па така, дури 66,3% од младите кои членуваат во минимум една форма на граѓанско организирање се интересираат за општествените настани во државата, што е точно за речиси двојно помалку млади кои не се членови во ниту една форма на граѓанско организирање (35,8%).

**Графикон 32.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците од национално репрезентативниот примерок на прашањето „Колку често следиш и се интересираш за политичките настани и случувања во земјата?“, поделени по членство во форми на граѓанско организирање.



# Миграции и поглед кон иднината кај младите

## *Намери за миграција на младите*

Кога се во прашање намерите за миграција, 58% од испитаниците одговориле дека би се иселиле од државата доколку имаат можност, додека 33% не би го направиле тоа. Во споредба со мај 2019 година, нема големи поместувања во одговорите на испитаниците (графикон 33). Иако самото прашање ја мери хипотетичката подготвеност за миграција на испитаниците, овие податоци се доволно загрижувачки показател за потенцијалните загуби на државата.

**Графикон 33.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците од национално репрезентативниот примерок на прашањето „Во случај да имате можност, дали би се иселиле од државата?", во мај 2019 и декември 2020 година.



Ако се анализира поврзаноста помеѓу намерата за миграција и возрасните групи, може да се забележи постепен пад на намерата за миграција како што се зголемува возраста на испитаниците (графикон 34). Па така, само 20,3% од испитаниците на возраст од 15-18 години не би ја напуштиле Република Северна Македонија ако имаат шанса за тоа, а истото е точно за двојно повеќе (40,3%) од испитаниците на возраст од 30-35 години. Овој тренд е интересен, ако се земе предвид дека според податоците од 2019 година намерата за миграција растеше постепено до 29 години (при што во групата 25-29 години беше највисока со 66,4%), по што нагло опаѓаше во групата испитаници на возраст од 30-35 години (на 56,7%). Во двата случаи, ваквата (очекувана) промена во ставовите на испитаниците со нивното растење веројатно се должи на постепеното градење на професионална кариера и потенцијалното формирање семејство, што дополнително ја зголемува потребата за стабилност која интринзично се коси со предизвиците кои ги носи миграцијата во странство.

**Графикон 34.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците од национално репрезентативниот примерок на прашањето „Во случај да имате можност, дали би се иселиле од државата?", поделени според возраст.



**Графикон 35.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците од национално репрезентативниот примерок на прашањето „Во случај да имате можност, дали би се иселиле од државата?“, поделени според финансиски статус.

Според финансиски статус




Од аспект на финансискиот статус на испитаниците, не изненадува податокот дека намерата за миграција е најизразена во групата со потпросечен финансиски статус (графикон 35). Во оваа група, големо мнозинство од испитаниците (74,2%) би ја напуштиле државата доколку добијат можност за тоа, наспроти 20% помалку од испитаниците со просечен финансиски статус (54,5%), односно двојно помалку испитаници со натпросечен финансиски статус (30,6%).

Важно е да се спомене и поврзаноста помеѓу членството во некоја форма на граѓанско организирање (на пр. граѓанска или младинска организација или иницијатива, средношколска заедница или студентско собрание, неформална граѓанска иницијатива, политичка партија/подмладок, синдикат и др. форми) и намерите за миграција на испитаниците. Интересно е да се забележи дека ставовите на испитаниците кои се членови на граѓански организации се релативно еднакво поделени во однос на намерите за миграција (по приближно 45% во двете насоки) (графикон 36). Од друга страна, во групата млади кои не членуваат во

ниту една форма на граѓанско организирање, речиси двојно повеќе испитаници би ја напуштиле Република Северна Македонија доколку им се даде можност (62,1% наспроти 29,1%).

**Графикон 36.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците од национално репрезентативниот примерок на прашањето „Во случај да имате можност, дали би се иселиле од државата?“, поделени според членство во форми на граѓанско организирање.




Во поглед на задоволството на испитаниците од нивното место во општеството, најсилна намера за миграција се забележува кај испитаниците кои воопшто не се задоволни (79,1% од нив би ја напуштиле Република Северна Македонија), по што следуваат испитаниците кои делумно не се задоволни (63% би мигрирале во странство) (графикон 37). Сепак, важно е да се нагласи дека дури и кај испитаниците кои се задоволни од своето место во општеството, приближно една третина од испитаниците би ја напуштиле Република Северна Македонија доколку добијат шанса. Овие податоци се сериозен показател за потенцијални миграции на значителен број млади граѓани на земјата и покрај тоа што станува збор само за „декларативна“ намера за преселба во странство.

**Графикон 37.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците од национално репрезентативниот примерок на прашањето „Во случај да имате можност, дали би се иселиле од државата?“, прикажани според нивото на задоволство од своето место во општеството.




## *Шанси за враќање во Северна Македонија*

На сите испитаници од репрезентативниот примерок им беше поставено и прашање колкави се шансите да се вратат во државата доколку некогаш одлучат да си заминат од Република Северна Македонија. Речиси еднаков број на испитаници одговорија дека постојат големи шанси за нивно враќање во земјата (45%) и дека мала е веројатноста за нивно враќање во Република Северна Македонија (41%) (графикон 38). Интересно е да се нагласи и дека значителен број испитаници (14%) не изразиле цврст став по ова прашање.

**Графикон 38.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците од национално репрезентативниот примерок на прашањето „Доколку некогаш одлучите да си заминете од државата, колкави се шансите подоцна да се вратите?“.




Ако се погледнат одговорите на испитаниците по возрасни групи, може да се забележи дека шансите за враќање во државата постепено растат од возрасната група 15-18 години (каде 36,6% од испитаниците би се вратиле во Република Северна Македонија) кон возрасната група 25-29 години (каде 49,2% од испитаниците би се вратиле назад) (графикон 39). Токму во возрасната група 25-29 години може да се забележи најистакната разлика помеѓу ставовите на испитаниците, при што станува збор за цели 14% предност во бројот на испитаниците кои би се вратиле во земјата. Овој податок може да укажува на тоа дека во периодот на професионално дефинирање и првично градење на кариера, поголеми се шансите младите кои ќе се иселат од Република Северна Македонија да се вратат назад. Од друга страна, потребно е да се нагласи дека дистрибуцијата на одговори на испитаниците во возрасната група 30-35 години изгледа многу слично на дистрибуцијата за испитаниците помеѓу 19-24 години. Ваквиот наод може да се протолкува како поголема решителност на испитаниците на возраст од 30-35 години, односно ставот дека ако одлучат да се иселат на таа возраст, голема е веројатноста дека не би се вратиле назад.

**Графикон 39.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците од национално репрезентативниот примерок на прашањето „Доколку некогаш одлучите да си заминете од државата, колкави се шансите подоцна да се вратите?“, поделени според возраст.




Од аспект на етничките разлики помеѓу испитаниците во поглед на шансите за враќање во земјата, кај испитаниците од македонска и албанска етничка заедница односот помеѓу одговорите на испитаниците кои би се вратиле во државата и оние кои тоа не би го сториле е релативно сличен (графикон 40). Она што се истакнува е разликата од 22,3% кај помалите етнички заедници – додека 32,4% од испитаниците би се вратиле во Република Северна Македонија, за 54,7% од испитаниците од помалите етнички заедници тоа е малку веројатно.

**Графикон 40.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците од национално репрезентативниот примерок на прашањето „Доколку некогаш одлучите да си заминете од државата, колкави се шансите подоцна да се вратите?“, поделени според етничка припадност.




Што се однесува до финансискиот статус на испитаниците, не изненадува податокот дека најмали се шансите за враќање на испитаниците со потпросечен финансиски статус. Додека во оваа група шансите дека ќе се вратат се мали за 58,8% од испитаниците, ова е точно за 37,4% од испитаниците со просечен, односно 26,5% од оние со натпросечен финансиски статус (графикон 41). Земајќи предвид дека финансискиот статус на испитаниците е важен показател за нивната положба во општеството, се наметнува објаснувањето дека испитаниците со (нат)просечен финансиски статус уживаат повеќе ресурси, можности и бенефиции во Република Северна Македонија, што може да е дополнителен фактор за нивно (веројатно) враќање во државата.

**Графикон 41.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците од национално репрезентативниот примерок на прашањето „Доколку некогаш одлучите да си заминете од државата, колкави се шансите подоцна да се вратите?“, поделени според финансиски статус.




Очекувани податоци даде и анализата на поврзаноста помеѓу шансите за враќање и задоволството од сопственото место во општеството. Имено, дури 65,6% од испитаниците кои воопшто не се задоволни не би се вратиле во Република Северна Македонија. На ист начин би постапиле 44,2% од испитаниците кои се делумно незадоволни. Од оние кои се прилично задоволни, во земјата не би се вратиле само 22,3%, а бројката е уште помала (само 17,2%) кога станува збор за испитаниците кои се целосно задоволни од своето место во општеството (графикон 42). Слично како кај поврзаноста помеѓу финансискиот статус и шансите за враќање на испитаниците и овде природно се наметнува објаснувањето за диспропорционалноста во ресурсите, можностите и бенефициите кои (не) ги уживаат различните групи испитаници, при што нивното (не)задоволство од своето место во општеството се рефлектира и врз шансите за нивно враќање во земјата.

**Графикон 42.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците од национално репрезентативниот примерок на прашањето „Доколку некогаш одлучите да си заминете од државата, колкави се шансите подоцна да се вратите?“, прикажани според нивоата на задоволство од своето место во општеството.




Од посебен интерес на анализата беа испитаниците кои одговорија дека би се иселиле од државата доколку имаат можност (58% од национално репрезентативниот примерок), па во овој дел накусо се претставени податоците релевантни за нив. Од овие испитаници, само 6,9% со сигурност би се вратиле во Република Северна Македонија, а 20,7% веројатно би го сториле тоа (графикон 43). 37,2% од испитаниците одговориле дека шансите за враќање во државата би биле мали, а за 28% од испитаниците нема никакви шанси да се вратат, односно би заминале од Република Северна Македонија со „карта во еден правец“. Во споредба со податоците од мај 2019 година, може да се забележи намалување од 16,7% (од 44,7% на 28%) во бројот на испитаници според кои нема шанси да се вратат во Република Северна Македонија доколку се иселат. Од друга страна, има зголемување од 9,4% (од 11,3% на 20,7%) во бројот на младите кои веројатно би се вратиле во државата. И покрај ваквите позитивни поместувања, треба да се има предвид и претходно презентираниот

податок дека 58% од испитаниците би се иселиле доколку имаат можност за тоа. Оттука, фактот дека 65,2% од испитаниците сметаат дека нивното враќање во државата би било малку веројатно ако еднаш заминат од Република Северна Македонија, ја потенцира можната загуба на потенцијалните општествени придонеси од овие млади граѓани кои државата би ги изгубила трајно, ако тие одлучат да се иселат.

**Графикон 43.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците кои би се иселиле од државата доколку имаат можност (58% од национално репрезентативниот примерок) на прашањето „Доколку некогаш одлучите да си заминете од државата, колкави се шансите подоцна да се вратите?“, во мај 2019 и декември 2020 година.



# Доверба во институции и лично влијание

## *Младинска перцепција за (не)запознаеност и (не)грижа од страна на властите*

Младинската перцепција за нивото на запознаеност со и грижа на властите за младинските потреби и проблеми е релативно стабилна, во споредба со податоците од мај 2019 година. Според 68,3% од испитаниците, властите делумно или воопшто не се запознаени со потребите и проблемите на младите луѓе (графикон 44), а дури 77,3% од испитаниците сметаат дека властите делумно или воопшто не се грижат за нив и нивните потреби (графикон 45). Од прибраните податоци може да се извлече можна интерпретација дека според младите, властите имаат некакво познавање за нивните потреби и проблеми, но тоа не нужно значи и дека се грижат за нив. Па така, 60,8% од испитаниците сметаат дека властите се запознаени со нивните потреби и проблеми, но процентот паѓа на 54,9% од испитаниците кои сметаат дека властите се грижат за предизвиците со кои се соочуваат младите граѓани.

**Графикон 44.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на прашањето „Колку властите се запознаени со твоите потреби и проблеми како млад човек?“, во мај 2019 и декември 2020 година.



**Графикон 45.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на прашањето „Според тебе, колку властите се грижат за тебе и твоите потреби и проблеми?“, во мај 2019 и декември 2020 година.




При анализата на поврзаноста помеѓу младинската перцепција за (не) запознаеност на властите со младинските потреби и проблеми и етничката припадност на испитаниците, може да се забележи дека дистрибуцијата на одговорите кај испитаниците од македонската и албанската етничка заедница е слична (графикон 46). Во споредба со податоците од 2019 година, може да се забележи промена во трендот кај помалите етнички заедници - во декември 2020 година, тие имаат попозитивна перцепција за тоа колку властите се запознаени со нивните проблеми и потреби. Па така, 38,1% од нив сметаат дека властите имаат познавања од областа (во споредба со 29,1% кај македонската и 27,6% кај албанската етничка заедница). Прибраните податоци не даваат јасна причина за разликите помеѓу етничките заедници.

**Графикон 46.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на прашањето „Колку властите се запознаени со твоите потреби и проблеми како млад човек?“, поделени според етничка припадност.




Од демографските фактори кои влијаат на перцепцијата за (не) запознаеноста на властите со младинските потреби, повторно се издвојува финансискиот статус (графикон 47). Слично на податоците од 2019 година, младите со понизок финансиски статус сметаат дека властите се помалку запознаени со нивните потреби. Па така, речиси половина од испитаниците со потпросечен финансиски статус (47,6%) сметаат дека властите воопшто не се запознаени со нивните проблеми, што е случај за нешто повеќе од една третина од испитаниците со просечен (33,6%) и натпросечен финансиски статус (32,7%). Од друга страна, само 22,7% од испитаниците со потпросечен финансиски статус сметаат дека властите се запознаени со младинските потреби, додека на овој став се 40,8% од нивните врсници со натпросечен финансиски статус.

**Графикон 47.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на прашањето „Колку властите се запознаени со твоите потреби и проблеми како млад човек?“, поделени според финансиски статус.




Во слична насока, кога станува збор за поврзаноста помеѓу финансискиот статус на испитаниците и нивната перцепција за (не)грижата на властите за младинските потреби и проблеми, очекувано се издвојува групата испитаници со потпросечен финансиски статус. Од нив, дури 92,3% сметаат дека властите не се грижат за предизвиците со кои тие се соочуваат. За споредба, истиот став го делат 72,9% од испитаниците со просечен финансиски статус и 75,5% од испитаниците со натпросечен финансиски статус (графикон 48). Сепак, важно е да се нагласи дека и покрај разликите во финансискиот статус, над 70% од испитаниците во трите категории сметаат дека властите не се грижат за нивните потреби и проблеми, што е загрижувачки податок.

**Графикон 48.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на прашањето „Според тебе, колку властите се грижат за тебе и твоите потреби и проблеми?“, поделени според финансиски статус.




Ако се разгледува поврзаноста помеѓу перцепцијата на младите за нивото на запознаеност на властите со нивните потреби и проблеми и намерите за миграција, алармантни се резултатите дека речиси половина од сите групи испитаници би ја напуштиле државата. Ова е точно, дури и кога испитаниците сметаат дека властите се запознаени со младинските потреби и проблеми (графикон 49). Па така, 57,7% од испитаниците кои сметаат дека властите се целосно запознаени со потребите и проблемите на младите изразуваат намера за миграција, а со нив се согласуваат 48,7% од младите кои сметаат дека властите се прилично добро запознаени со нивните потреби и проблеми. Очекувано, дури 67,6% од испитаниците кои сметаат дека властите воопшто не се запознаени со нивните потреби и проблеми би се преселиле во странство доколку им се укаже можност. Со други зборови, намерата за миграција е поизразена кај младите кои сметаат дека властите не се доволно информирани за нивните потреби и проблеми.

**Графикон 49.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на прашањето „Колку властите се запознаени со твоите потреби и проблеми како млад човек?“, прикажани според намерите за миграција.

Според перцепцијата за грижа на властите за нивните потреби и проблеми




Слични податоци може да се забележат и при анализа на поврзаноста помеѓу намерата за миграција и младинската перцепција за грижата на властите за нивните потреби и проблеми. Очекувано, најизразена намера за миграција се појавува кај испитаниците кои сметаат дека властите делумно, односно воопшто не се грижат за младинските потреби и проблеми (последователно, 54,2% и 71,6% од овие испитаници би ја напуштиле Република Северна Македонија) (графикон 50). Како што беше споменато и претходно, значајно е да се спомене дека дури и кај испитаниците кои сметаат дека властите прилично, односно целосно се грижат за младинските потреби, 38% би мигрирале во странство.

**Графикон 50.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на прашањето „Според тебе, колку властите се грижат за тебе и твоите потреби и проблеми?“, прикажани според намерите за миграција.




## *Доверба кон релевантни чинители и можности за влијание*

Со цел да се измери довербата што младите ја имаат во повеќе чинители важни за младинските политики и генералните општествени текови во земјата, од испитаниците беше побарано да оценат низа релевантни институции и организации во поглед на нивната работа во интерес на младите. Слично на податоците од мај 2019 година (споредбен приказ на графикон 51), оцените се движат помеѓу 2.1 и 2.7 (со просечна оцена 2.47, на скала од 1 до 5), што укажува на релативно ниско ниво на младинска доверба кон различните засегнати страни. Како и во мај 2019, највисоки оцени добија институциите/ организациите кои содржат „младински“ во нивниот назив.

**Графикон 51.** Визуелен приказ на просечните оцени од национално репрезентативниот примерок за дадените институции и организации, во однос на нивната работа во интерес на младите, во мај 2019 и декември 2020 година.




Ниското ниво на младинска доверба во релевантните чинители може да се толкува и од аспект на ниската увереност на испитаниците за нивната лична можност да влијаат врз тоа што и како работат властите. Во таа насока, дури 58,5% од испитаниците сметаат дека воопшто не можат да влијаат на работата на властите, што е слично на податоците од мај 2019 година (графикон 52).

**Графикон 52.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на прашањето „Колку сметаш дека ти лично можеш да влијаеш врз тоа што и како работат властите?“, во мај 2019 и декември 2020 година.



Доколку се анализира само-перцепцијата на испитаниците за можното влијание врз работата на властите од аспект на етничка припадност, може да се забележи дека нема поголеми разлики меѓу испитаниците од македонскиот етникум и оние од помалите етнички заедници (графикон 53). Во овој случај, отскокнуваат испитаниците од албанската етничка заедница со попозитивна самоперцепција. Од нив, 20% сметаат дека можат да влијаат врз работата на властите, додека истиот став го делат само 11,9% од македонската и 14,4% од помалите етнички заедници. Прибраните податоци не даваат подетален увид во причините позади овие разлики.

**Графикон 53.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на прашањето „Колку сметаш дека ти лично можеш да влијаеш врз тоа што и како работат властите?“, поделени според етничка припадност.

Според етничка припадност




Слично на претходно презентираните податоци, финансискиот статус на испитаниците се издвојува како уште една демографска варијабла значајно поврзана со нивната самоперцепција за можно влијание врз работата на властите (графикон 54). Само 6,5% од младите со потпросечен финансиски статус сметаат дека можат да влијаат врз работата на властите. Ваков став имаат речиси двојно повеќе испитаници со про-

сечен (16,1%) и натпросечен финансиски статус (18,4%). Без разлика на финансискиот статус на испитаниците, над 77,6% од нив сметаат дека не можат да влијаат врз работата на властите.

**Графикон 54.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на прашањето „Колку сметаш дека ти лично можеш да влијаеш врз тоа што и како работат властите?“, поделени според финансиски статус.




При вкрстена анализа на само-перцепцијата на испитаниците за можното влијание врз работата на властите и нивните гласачки навики, се забележува дека и покрај разликите во гласачките навики, големо мнозинство од испитаниците (над 78%) сметаат дека не можат да влијаат врз работата на властите (графикон 55). Очекувано, најпозитивна самоперцепција по ова прашање се јавува кај групата испитаници кои секогаш гласаат (од нив 19,3% сметаат дека можат да влијаат врз работата на властите). Сепак, ваквиот наод нужно го отвора прашањето зошто дури 78,7% од младите кои секогаш го користат својот глас на избори (како основна мерка за учество во демократските процеси на одлучување во државата) чувствуваат дека не можат да влијаат врз работата на властите. За ова прашање прибраните податоци не даваат јасен одговор.

**Графикон 55.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на прашањето „Колку сметаш дека ти лично можеш да влијаеш врз тоа што и како работат властите?“, прикажани според гласачки навики.




Подеднакво алармантни се и податоците од вкрстеното табелирање на само-перцепцијата за влијание врз работата на властите и задоволството на испитаниците од нивното место во општеството (графикон 56). Дури и во групата во која задоволството е најизразено, 53,1% од испитаниците сметаат дека не можат да влијаат врз тоа што и како работат властите. Оваа бројка расте како што се намалува задоволството на испитаниците од нивното место во општеството, па во групата испитаници кои воопшто не се задоволни стигнува до 92,1% кои сметаат дека не можат да влијаат врз работата на властите. Со други зборови, незадоволството од своето место во општеството расте како што расте и самоперцепцијата за неможност за влијание врз работата на властите.

**Графикон 56.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на прашањето „Колку сметаш дека ти лично можеш да влијаеш врз тоа што и како работат властите?“, прикажани според нивото на задоволство од своето место во општеството.




Ако се анализира поврзаноста на младинската самоперцепција за (не)можноста за влијание врз работата на властите и сопственото ниво на општествена активност, може да се забележи дека слично ниво на позитивна само-перцепција имаат испитаниците кои се постојано општествено активни (31,3%) и испитаниците кои се главно активни (31,2%) (графикон 57). Сепак, особено е важно да се нагласи дека перцепцијата за личната неможност да влијаат врз работата на властите е присутна кај сите четири категории испитаници (во поглед на нивото на општествена активност) и надминува 67%. Во групата испитаници кои воопшто не се активни, ваквата само-перцепција е присутна кај дури 94,6%.

**Графикон 57.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на прашањето „Колку сметаш дека ти лично можеш да влијаеш врз тоа што и како работат властите?“, прикажани според нивото на општествена активност.

Според нивото на општествена активност



# Граѓанско учество на младите во општеството

## *Општествена активност и самоиницијативност за решавање проблеми*

Запрашани за само-перцепцијата во однос на активности кои придонесуваат кон подобрување на општеството, 69% од испитаниците се опишале себеси како главно или воопшто неактивни граѓани. Речиси два пати помалку од испитаниците (28,6%) се опишале како главно или постојано активни во општеството. Во споредба со податоците од мај 2019 година, важно е да се нагласи дека има зголемување од 5,7% во бројот на испитаници кои себеси се дефинираат како постојано општествено активни (графикон 58).

**Графикон 58.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на прашањето „Дали би се опишал себеси како општествено активен граѓанин?“, во мај 2019 и декември 2020 година.




Доколку се разгледуваат одговорите на испитаниците според етничката група на која и припаѓаат, позитивно се истакнуваат етничките Албанци (графикон 59). Во оваа група, 32,4% од испитаниците се дефинираат како општествено активни, во споредба со 26,7% од испитаниците од помалите етнички заедници и само 17,7% од етничките Македонци. Сепак, кај сите етнички заедници се забележува релативно висок процент (над

62%) на млади кои не се општествено активни. Прибраните податоци не даваат јасен увид во причините позади овие разлики.

**Графикон 59.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на прашањето „Дали би се опишал себеси како општествено активен граѓанин?“, поделени според етничка припадност.




Во поглед на разликите во општествена активност помеѓу испитаниците од различни образовни профили, може да се забележи дека повисоките нивоа на завршено образование се поврзани со поголема општествена активност (графикон 60). Па така, 47% од испитаниците со завршени пост-дипломски студии себеси се оценуваат како активни граѓани, а процентот се преполовува (23%) кога станува збор за граѓани со завршено средно образование како највисоко образовно ниво. Стапката на општествена активност кај испитаниците со завршено основно образование е убедливо најниска – само 4,3% од нив се оцениле себеси како општествено активни. Овие разлики може да се толкуваат во насока на претходно споменатата важност на социо-економскиот статус на испитаниците и ресурсите со кои тие располагаат. Оттука, голема е веројатноста дека испитаниците со повисоко образование (и следствено, повисок социо-економски статус) располагаат со повеќе ресурси за општествена активност (на пр. време, финансии, можности).

**Графикон 60.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на прашањето „Дали би се опишал себеси како општествено активен граѓанин?“, поделени според ниво на образование.




Во слична насока, при анализата на поврзаноста помеѓу нивото на општествена активност на испитаниците и нивниот финансиски статус, може да се забележи дека нивото на активност расте како што се подобрува финансискиот статус на испитаниците (графикон 61). Ваквиот наод не изненадува, ако се земе предвид дека испитаниците со потпросечен финансиски статус поретко имаат временски и финансиски ресурси кои би можеле да ги „инвестираат“ во општествена активност. Сепак, важно е да се нагласи дека без разлика на финансискиот статус, стапката на општествена неактивност е релативно висока и изнесува над 61%.

**Графикон 61.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на прашањето „Дали би се опишал себеси како општествено активен граѓанин?“, поделени според финансиски статус.




Стапката на членство во форми на граѓанско организирање (на пр. граѓанска или младинска организација или иницијатива, средношколска заедница, или студентско собрание, неформална граѓанска иницијатива, политичка партија/подмладок, синдикат и др. форми) на испитаниците е уште една варијабла значајна за разбирање на младинската само-перцепција за општествена активност. Очекувано, младите кои членуваат во минимум една форма на граѓанско организирање се и поактивни во општествениот живот во државата (графикон 62). Па така, приближно две третини (64,8%) од младите кои се членови на минимум форма на граѓанско организирање се дефинираат како општествено активни граѓани, додека само-перцепцијата за активност е речиси четири пати пониска (15,9%) кај испитаниците кои не членуваат во ниту една форма на граѓанско организирање.

**Графикон 62.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на прашањето „Дали би се опишал себеси како општествено активен граѓанин?“, поделени според членство во форми на граѓанско организирање.




Ако се погледне нивото на општествена активност и неговата поврзаност со генералните ставови за насоката во која се движи државата, се забележува дека испитаниците кои се главно/постојано активни, во споредба со останатите, имаат поцврсти ставови за насоката во која се движи државата и покажуваат повисоко ниво на оптимизам (графикон 63). Ваквите наоди може да се толкуваат во насока на зголемена јавна свест кај испитаниците и попозитивен впечаток за општествените настани во државата, под влијание на сопствената дејственост и искуства. Од друга страна, може да станува збор и за (не)основан оптимизам кој се потпира на сопствениот влог во „подобро утре“.

**Графикон 63.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на прашањето „Дали би се опишал себеси како општествено активен граѓанин?“, прикажани според генералните ставови за насоката во која се движи државата.

Според генералните ставови за насоката во која се движи државата




При разгледувањето на поврзаноста на навиките за информирање на испитаниците и нивната само-перцепција за општествена активност, интересно е да се нагласи дека повременото/честото следење на политичките настани во земјава е најзастапено кај испитаниците кои се генерално општествено активни (69,8%) (графикон 64). Можеби изненадувачки, по нив следуваат испитаниците кои се постојано активни (50,5%) и испитаниците кои главно не се активни во општествено (45,8%). Ваквата сличност во навиките за информирање на испитаниците кои се постојано активни и тие кои генерално не се, повторно го отвора прашањето за факторите кои влијаат врз формирањето на ставовите на испитаниците и информациите на кои се темели нивната општествена активност.

**Графикон 64.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на прашањето „Дали би се опишал себеси како општествено активен граѓанин?“, прикажани според навиките за информирање.

Според навиките за информирање




Земајќи го предвид ниското ниво на само-перципирана активност во општеството без разлика на демографските карактеристики, интересно е да се забележи дека дури 54,7% од испитаниците преземаат активности за решавање на одреден општествен проблем, а 44,3% никогаш не го направиле тоа (графикон 65). Ваквата дискрепанција помеѓу оценката за личната активност и одговорите за фреквенцијата со која испитаниците преземаат активности за решавање општествени проблеми го отвора прашањето како всушност младите го толкуваат поимот „општествена активност“ и зошто активностите кои тие ги преземаат за решавање на одредени општествени проблеми не секогаш влегуваат во таа рамка. Во споредба со податоците од мај 2019, постојат значајни поместувања - раст од 10% во бројот на испитаниците кои често преземаат акција за решавање на одреден проблем, како и пад од 12,8% во поглед на бројот на испитаници никогаш не иницираат решавање на одреден општествен проблем (графикон 65).

**Графикон 65.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на прашањето „Колку често преземаш нешто за решавање на одреден општествен проблем?“, во мај 2019 и декември 2020 година.




**Графикон 66.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците кои преземаат активности за решавање општествени проблеми (54,7% од репрезентативниот примерок) на прашањето „Колку често ти успевало да го решиш проблемот?“, во мај 2019 и декември 2020 година.



Испитаниците кои некогаш преземале иницијатива за решавање на одреден општествен проблем запрашани беа и за фреквенцијата со која до сега успеале да го решат проблемот. Во споредба со податоците од мај 2019 година (споредбен приказ на графикон 66), охрабрува зголемувањето од 12,8% во бројот на испитаници кои често успеваат да го решат проблемот. Сепак, простор за грижа отвора податокот дека само малку повеќе од една третина (33,4%) од испитаниците успева да го реши проблемот, додека за останатите 62% тоа не е случај. Негативните искуства на мнозинството на младите кои се обиделе да решат одреден општествен проблем може да се толкуваат како сериозен индикатор за тоа колку и како се земаат предвид ставовите и идеите на младите, при справувањето со општествените проблеми во земјата. Оттука, особено е важно да се земе предвид долгорочното влијание врз дејственоста на младите кои ретко/никогаш не успеваат да ги решат општествените проблеми за кои преземаат активности.

## *Стапка на консултираност и вклученост во процеси на носење одлуки*

Кога станува збор за младинските искуства со учество во консултации и/или процеси на носење одлуки, 69,4% од испитаниците одговориле дека никогаш не биле вклучени или консултирани од страна на институциите, додека само 27,1% биле вклучени/консултирани (графикон 67). Во споредба со податоците од мај 2019 година, има значајни позитивни поместувања во поглед на младинското учество во консултации и/или процеси на носење одлуки. Станува збор за раст од 6,3% во бројот на испитаници кои биле консултирани на централно и локално ниво, раст од 7,4% во бројот на испитаници кои биле консултирани на локални ново, како и пад од 15,1% во бројот на испитаници кои никогаш не биле консултирани/вклучени во процеси на носење одлуки.

**Графикон 67.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на прашањето „Дали досега сте биле вклучени или консултирани од институциите при носење на одлуки, исклучувајќи го гласањето на избори?“, во мај 2019 и декември 2020 година.




Ако се анализираат искуствата на испитаниците со вклученост во консултации и/или процеси за носење одлуки од аспект на различни етнички групи, треба да се спомене дека одговорите на етничките Албанци даваат повеќе простор за оптимизам, во споредба со останатите етнички заедници (графикон 68). 33,6% од испитаниците од албанска етничка заедница учествувале во консултации и/или процеси за носење одлуки, додека ова е случај само за 24,6% од етничките Македонци и 25,9% од испитаниците од помалите етнички заедници. Причините за ваквиот јаз помеѓу етничките заедници во младинското учество во консултации и/или процеси за носење одлуки не се видливи од прибраните податоци. Сепак, важно е да се нагласи дека во сите етнички групи стапката на испитаници кои воопшто не биле консултирани, односно вклучени е релативно висока и изнесува над 58%.

**Графикон 68.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на прашањето „Дали досега сте биле вклучени или консултирани од институциите при носење на одлуки, исклучувајќи го гласањето на избори?“, поделени според етнички групи.




Кога станува збор за поврзаноста помеѓу младинското учество во консултации и процеси за донесување одлуки, и највисокото ниво на завршено образование на испитаниците, може да се забележи дека испитаниците со повисоки нивоа на образование до сега биле почесто вклучени/консултирани од страна на властите на локално и национално ниво (графикон 69). Па така, дури 47% од испитаниците со завршени пост-дипломски студии биле вклучени/консултирани, по што процентот се преполовува (на 23%) кај испитаниците со завршено средно образование и паѓа до 13% кај испитаниците со завршено основно образование. Сепак, важно е да се нагласи дека барем половина од испитаниците од сите образовни профили никогаш не биле вклучени/консултирани од страна на локалните и националните власти.

**Графикон 69.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на прашањето „Дали досега сте биле вклучени или консултирани од институциите при носење на одлуки, исклучувајќи го гласањето на избори?“, поделени според образование.

Според ниво на образование




При вкрстена анализа на искуствата на испитаниците со консултации и/или процеси за носење одлуки и степенот на нивното задоволство од општест веното место, се забележува дека задоволството кај испитаниците е повисоко во случаите кога тие биле вклучени/консултирани (графикон 70). Очекувано, во групата испитаници кои воопшто не се задоволни, само 15% биле вклучени/консултирани од локалните и националните власти. Од друга страна, во групата испитаници кои се целосно задоволни од сопственото место во општеството, дури 42,2% од испитаниците учествувале во консултации и/или процеси за донесување одлуки.

**Графикон 70.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на прашањето „Дали досега сте биле вклучени или консултирани од институциите при носење на одлуки, исклучувајќи го гласањето на избори?“?“, прикажани според ниво на задоволство од сопственото место во општеството.

Според ниво на задоволство од сопственото место во општеството.



# Гласање на избори и мотивација за гласање

Во однос на прашањето колку често гласаат (графикон 71), резултатите укажуваат дека секој втор млад човек редовно гласа на избори (53%), дополнителни 26% гласаат понекогаш, додека само 6% никогаш не гласаат. Останатите испитаници или немаат право на глас (12%) или одбиваат да одговорат на ова прашање.

**Графикон 71.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на прашањето „Колку често гласаш на избори?".




Во споредба со податоците од мај 2019 година, се забележува пад од 11% во бројот на млади кои секогаш гласаат и мал раст од 6% на оние кое понекогаш гласаат (графикон 72). Сепак, како и кај истражувањето од 2019-та она што останува како доминантен впечаток е дека мнозинството од младите (79%) секогаш или понекогаш гласаат на избори, што се смета за прилично висок процент на излезност. Од друга страна, надвор од изборите, најголемиот дел од младите (69%), за жал, се опишуваат себе си како општествено неактивни граѓани. Оттука, гласањето на избори останува еден од ретките канали преку кои младите практикуваат политичко и граѓанско учество.

**Графикон 72.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на прашањето „Колку често гласаш на избори?", во мај 2019 и декември 2020 година.




Кога станува збор за влијанието на демографските варијабли во однос на гласањето, не беа забележани значителни разлики по однос на полот и местото на живеење на испитаниците. Финансискиот статус на испитаниците, исто така, не е фактор кој влијае врз гласачките навики кај младите. Во однос на возраста, процентот на млади од 30 до 35 годишна возраст кои секогаш гласаат е нешто поголем во однос на останатите возрасни групи (67,4% наспроти 56%).

Ако се погледне поврзаноста помеѓу гласачките навики на испитаниците и нивните ставови за насоката во која се движи државата, најголем оптимизам за промените во следните 5 години може да се забележи кај малолетните испитаници кои сè уште немаат право на глас (графикон 73). Слично како во истражувањето од 2019 година, високото ниво на оптимизам и надеж „за подобро утре" кај најмладите испитаници се очекувани, земајќи го предвид фактот дека за нив допрва доаѓа соочувањето со предизвиците кои им се веќе познати на повозрасните испитаници. Важно е и да се нагласи дека меѓу испитаниците со право на глас, најоптимистични се младите кои секогаш гласаат на избори, што може да се толкува како резултат на нивната дејственост и активно учество во општествено-политичките процеси.

**Графикон 73.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на прашањето „Колку често гласаш на избори?“, прикажани според очекувањата за промени во Северна Македонија во следните 5 години.




Интересно е да се спомене дека и покрај прилично високото учество на младите во изборниот процес, останува прашањето според кои критериуми младите го формулираат гласачкиот избор, ако се земе предвид дека повеќе од половина од младите луѓе (56%) ретко или никогаш не ги следат и не се заинтересирани за политичките настани и случувања во земјата. Впрочем, како што може да се види и од графикон 74, дури и кај оние млади кои секогаш гласаат, скоро половина (47,9%) ретко или никогаш не ги следат политичките случувања. Кај оние млади кои понекогаш гласаат, овој процент е уште повисок и изнесува 66%. Очекувано, процентот на оние кои не следат политички случувања е највисок кај младите кои никогаш не гласаат (69,2%), но сепак изненадува дека оние кои никогаш не гласаат се информираат за политиката во скоро ист процент како и оние кои понекогаш гласаат (69,2% наспроти 66%). Дополнително зачудувачки е и дека дури и оние млади кои немаат право на глас се информираат за политиката во скоро ист процент како и оние кои понекогаш гласаат.

**Графикон 74.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на прашањето „Колку често гласаш на избори?“, прикажани според навики за информирање.




Конкретно запрашани за тоа дали гласале на последните парламентарни избори во 2020 година, високи 74,7% од испитаниците кои имаат право на глас се изјаснија дека гласале на изборите (графикон 75). Ако се земе предвид генералната излезност од 51,34% според податоците од Државната изборна комисија, одговорите на испитаниците посочуваат на релативно висока излезност од страна на младите, особено во споредба со пошироката популација.

**Графикон 75.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците со право на глас (84,7% од национално репрезентативниот примерок) на прашањето „Дали гласавте на последните парламентарни избори во 2020 година?“.

Дали гласавте на последните парламентарни избори во 2020 година?




Од демографските карактеристики, единствено се забележува малку повисока излезност кај младите Албанци за разлика од останатите етнички групи на кои припаѓаат младите (графикон 76).

**Графикон 76.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците со право на глас (84,7 % од национално репрезентативниот примерок) на прашањето „Дали гласавте на последните парламентарни избори во 2020 година?“, поделени според етничка припадност.

Според етничка припадност



Во однос на главната мотивација поради која младите гласаат (графикон 77), најголемиот дел од нив (46%) сметаат дека е граѓанско право и должност да се гласа. Останатиот дел од испитаниците кои гласале на последните парламентарни избори, мотивација во гласање гледаат во тоа друг да не одлучи во нивно име (15,5%), за да ја изразат поддршката за политиките на актуелната влада (11,9%), поради кандидатите или програмите кои им се допаѓаат (10,2%), за да се смени власта (9,2%) или за да не се врати старата власт (2,9%).

**Графикон 77.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците кои гласале на последните парламентарни избори (74,7% од испитаниците со право на глас) на прашањето „Која беше Вашата главна мотивација поради која гласавте?“.




Во однос на мотивите за гласање, постои одредена разлика помеѓу младите кои живеат во град и оние кои живеат во село. Младите од урбаните средини во нешто поголем процент сметаат дека е граѓанска должност да се гласа (49,4%), за разлика од оние од руралните средини (41,6%). Од друга страна пак, младите во руралните средини имаат нешто поголем мотив за гласање како резултат на кандидатите и програмите кои ги нудат партиите (13,3%), што е случај за помал процент од младите кои живеат во урбани средини (8%).

Оние испитаници кои имаат право на глас, но не гласале на последните избори (24,6%), исто така, беа запрашани во однос на нивната мотивација поради која не гласале (графикон 78). Како најчеста причина за неизлегувањето на гласање е наведено дека никој не го заслужува нивниот глас - став кој го има секој трет млад испитаник (33,3%) кој не излегол на гласање на парламентарните избори во јули 2020 година. Како втора најчеста причина се наведува загриженоста од можна зараза со КОВИД-19 (21%), а како трета неможноста да се гласа на денот на гласањето (17,8%). Во помал процент, испитаниците како причини за негласање ги наведуваат и разочараноста од партијата во која тие претходно верувале (8,7%), незадоволството со понудените кандидати и програми на изборите (6,8%), како и мислењето дека со гласањето не може да се направи промена (3,2%).

**Графикон 78.** Визуелен приказ на одговорите на испитаниците кои не гласале на последните парламентарни избори (24,6% од испитаниците со право на глас) на прашањето „Која беше Вашата главна мотивација поради која не гласавте?".



Анализата на демографските карактеристики за мотивите за негласање кај младите укажува на одредени разлики помеѓу половите и етничките групи. Па така и кај мажите и кај жените, како главна причина поради која не гласаат се издвојува тоа дека никој не го заслужува нивниот глас, но овој процент е поголем кај мажите (39,6%) отколку кај жените (28,5%). Од друга страна, кај жените како една од главните причини за да не гласаат се наведува загриженоста од зараза со КОВИД-19 (25,2%), што не е во ист процент случај и со мажите (15,6%).

Во однос на етничката припадност, дури една третина од младите Македонци (36,3%) не гласаат поради тоа што веруваат дека никој не го заслужува нивниот глас, додека овој процент е за половина помал (18,9%) кај младите Албанци. Слично е и во однос на загриженоста поради зараза од КОВИД-19, која е повисока кај Македонците (24,2%) отколку кај Албанците (10,8%).

Впечатливо е и дека повеќе од една третина (39,1%) од младите кои имаат потпросечни финансиски примања, не излегуваат на гласање поради тоа што сметаат дека никој не го заслужува нивниот глас, додека ваквиот мотив кај младите со натпросечни примања е само 7,7%.

## *Перцепција за работата на Владата*

Запрашани за тоа дали Владата формирана во август 2020 година е доволно посветена на решавање на проблемите на младите, мнозинството млади (62%) сметаат дека Владата не е доволно посветена, додека само од 1 од 4 млади луѓе (24%) имаат позитивно мислење во однос на работата на Владата (графикон 79). Ваквите податоци укажуваат на доста високо незадоволство кај младите во однос на посветеноста на Владата за решавање на нивните проблеми.

**Графикон 79.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на прашањето „Дали сметаш дека Владата формирана во август 2020 е доволно посветена на решавање на проблемите на младите?“.




Според возраста, интересно е дека најмладите испитаници се чувствуваат најзапоставено. Конкретно, најниско задоволство од посветеноста на Владата за решавање на младинските проблеми е евидентно кај младите од 15 до 18 годишна возраст (18,2%), додека задоволството постепено се зголемува кај останатите возрасни групи и е највисоко кај младите од 30 до 35 години (28,9%) (графикон 79). Она што е, исто така, воочливо е дека одреден процент на млади, кој се движи од 9% па се до 17,5% во зависност од возраста, не можат да донесат заклучок за работата на Владата. Очекувано, ваквиот процент е највисок кај популацијата од 15 до 18 годишна возраст.

**Графикон 80.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на прашањето „Дали сметаш дека Владата формирана во август 2020 е доволно посветена на решавање на проблемите на младите?", поделени според возрасни групи.

Според возрасни групи.




Според финансискиот статус, резултатите покажуваат јасна разлика во перцепциите за работата на Владата помеѓу младите со потпросечни примања од една страна и младите со просечни и натпросечни примања од друга страна (графикон 81). Впрочем, незадоволството од посветеноста на Владата за решавање на младинските проблеми кај најсиромашните млади е 79,8% и е за близу 20% повисоко од оние млади кои спаѓаат во групата на најбогатите (61,2%).

**Графикон 81.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на прашањето „Дали сметаш дека Владата формирана во август 2020 е доволно посветена на решавање на проблемите на младите?“, поделени според финансиски статус.

Според финансиски статус



# Младите и КОВИД-19 кризата

Прашањата за влијанието на КОВИД-19 кризата врз младите имаа за цел да опфатат неколку различни аспекти. Еден од првите беше образованието. Конкретно, испитаници кои се во образовен процес (N = 389) беа запрашани, на скала од 1 до 5, да го оценат нивното задоволство со низа различни аспекти од образовниот процес за време на КОВИД-19 пандемијата. Како што може да се забележи од резултатите претставени на графикон 82, младите кои се во образовен процес се умерено задоволни од различните аспекти на образованието за време на КОВИД-19 кризата. Овие млади со просечна оценка 3 го оценуваат задоволството од севкупниот квалитет на наставата, подготвеноста на образовните институции за одржување на настава на далечина, стекнатото знаење и интеракцијата со другите ученици.

**Графикон 82.** Визуелен приказ на просечните оцени дадени од младите во образовен процес (36,94% од национално репрезентативниот примерок) на прашањето „Колку сте задоволни од образование во време на КОВИД-19?“.




Иако средната оценка на овие аспекти е со вредност 3, може да се забележи дека помеѓу 30% - 40% од испитаниците, во зависност од понудениот аспект, се донекаде задоволни или целосно задоволни од образованието во време на КОВИД-19, додека процентот на целосно или делумно незадоволни испитаници е нешто помал и гравитира помеѓу 25% - 33%

(графикон 83). Најголема поделеност на испитаниците е видлива во однос на стекнатото знаење од наставата на далечина и од севкупниот квалитет на наставата.

**Графикон 83.** Визуелен приказ на дистрибуцијата на одговорите дадени од младите во образовен процес (36,94% од национално репрезентативниот примерок) на прашањето „Колку сте задоволни од образование во време на КОВИД-19?".




Во однос на демографските варијабли, задоволството од наведените аспекти е подеднакво помеѓу испитаниците од село и од град. Онаму каде што се појавува разлика се однесува на финансискиот статус на младите. Поточно, тие со потпросечни примања го оценуваат образованието во време на КОВИД-19 нешто полошо (помеѓу 2,61 - 2,84) од оние со просечни (помеѓу 3,04 - 3,23)  и натпросечни примања (помеѓу 3 - 3,41), што укажува на ризикот од нееднаквост.

Дополнително, испитаниците кои следат настава на далечина беа запрашани дали ги имаат потребните услови за учење. Резултатите прикажани на графикон 84 покажуваат дека само 8% од испитаниците немаат соодветни уреди (компјутер, лаптоп, телефон) за непречено следење на наставата, но една четвртина од младите (24,9%) кои се дел од образовниот процес, немаат доволно уреди за учење и работа за сите членови на семејството. Проблем со интернет конекцијата за следење на наставата на далечина имаат 15,9% од испитаниците кои се во образовен процес, а сличен процент (16,2%) немаат соодветни просторни услови за следење на наставата за далечина.

**Графикон 84.** Визуелен приказ на дистрибуцијата на одговорите дадени од младите во образовен процес (36,94% од национално репрезентативниот примерок) за четири аспекти на следењето настава од далечина.




Во однос на наведените услови за следење на настава од далечина како најпогодени се јавуваат оние млади кои живеат во рурални средини, оние со ниски примања и младите Албанци.

Конкретно, во однос на местото на живеење, оние млади во образовен процес кои се од рурални средини се соочуваат со повеќе проблеми за следење на наставата, од оние во урбани средини. Разликата е најизразена во однос на просторните услови во домот, квалитетот на интернет врска и поседувањето на соодветна опрема (лаптоп, таблет, мобилен) (графикон 85).

**Графикон 85.** Визуелен приказ на дистрибуцијата на одговорите дадени од младите во образовен процес (36,94% од национално репрезентативниот примерок) за следењето настава од далечина, поделени според место на живеење.




Финансискиот статус, исто така, игра улога. Испитаниците со потпросечни примања во далеку повисок процент се изјаснија дека немаат доволно добри услови за следење на наставата од далечина во споредба со испитаниците кои имаат просечен и натпросечен финансиски статус. Конкретно, дури 55,6% од младите со потпросечни примања немаат доволно уреди во семејството, 35,2% немаат добра интернет конекција, 40,7% немаат соодветни просторни услови, а 25,9% немаат соодветна опрема (пр. лаптоп, таблет, компјутер) (графикон 86).

**Графикон 86.** Визуелен приказ на дистрибуцијата на одговорите дадени од младите во образовен процес (36,94% од национално репрезентативниот примерок) за следењето настава од далечина, поделени според финансиски статус.



Разликите се видливи и во однос на етничката припадност. Најголеми проблеми со условите за следење на настава од далечина е присутна кај младите Албанци. Впрочем, условите за следење на наставата кај  млади Албанци се близу три пати полоши од оние кај испитаниците Македонци во однос на сите четири параметри (доволно уреди во семејството, интернет, просторни услови, и потребна опрема) (графикон 87). Кај младите од помалите етнички заедници како главен проблем се јавува недоволниот број на уреди во семејството.

**Графикон 87.** Визуелен приказ на дистрибуцијата на одговорите дадени од младите во образовен процес (36,94% од национално репрезентативниот примерок) за следењето настава од далечина, поделени според етничка припадност.

Според етничка припадност




## *Економски импакт на КОВИД-19 кризата врз младите*

Во однос на тоа како пандемијата влијае врз работниот однос на младите, 7 од 10 млади луѓе кои биле во работен однос во последните 12 месеци изјавуваат дека работната ситуација им останала непроменета (графикон 88). Во исто време, за една петтина од младите кои биле во работен однос во последните 12 месеци, пандемијата имала негативно влијание врз нивната работа и примања, при што речиси 14,7% од младите пријавуваат намалена плата во текот на кризата, додека 6% ја изгубиле работата за време на кризата. Кај само многу мал дел од младите, нешто повеќе од 5%, пандемијата имала позитивно економско влијание, од кои 2,6% се вработиле за време на кризата и исто толкав процент (2,6%) пријавуваат дека нивната плата се зголемила.

**Графикон 88.** Визуелен приказ на дистрибуцијата на одговорите дадени од младите кои се во работен однос (55,08% од национално репрезентативниот примерок) на прашањето „Дали пандемијата влијаеше на вашата работа или примања?“.




Но, последиците од кризата не се еднакви за сите млади. Тие се поголеми кај младите со ниски финансиски примања. Конкретно, 9,9% од младите со потпросечни примања се изјаснија дека ја изгубиле работата за време на кризата, додека овој процент изнесува 1,6% кај младите со просечни примања, а ниту еден испитаник со натпросечни примања не се изјасни дека ја изгубил. Нешто поголема невработеност како резултат на кризата е евидентна и кај младите Албанци со 6,4%, додека таквиот процент е тројно помал кај младите Македонци и младите од помалите етнички заедници (2,2%) .

Запрашани за тоа како КОВИД-19 влијаеше на работата или примањата на останатите членови од семејството (графикон 89), три четвртини од младите луѓе изјавуваат дека работната ситуација на останатите членови во домаќинството останала непроменета за време на пандемијата. Речиси 15% од младите пријавуваат намалена плата на член од семејството, додека кај 6% од младите член од семејството изгубил работа за време на кризата. Само кај 1,5% од испитаниците, член на нивното семејство успеал да се вработи за време на кризата, а платата се зголемила само кај 1,4% од членовите на семејството.

**Графикон 89.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на прашањето „Дали пандемијата влијаеше на работата или примањата на останатите членови во вашето домаќинство?“.




Она што може да се увиди од горе прикажаните резултати е дека ефектот што кризата го има врз младите е многу сличен со тој на нивните семејства. Односно, барем според она што го навеле испитаниците, не постои значајна разлика во позитивните и негативните ефекти од кризата помеѓу младите и нивните семејства.

Доколку ги погледнеме постоечките податоци и истражувања поврзани со економскиот импакт на КОВИД-19 кризата врз младите, тие се во насока на тоа дека последиците за вработените лица под 29 години се повисоки од негативните ефекти врз сите вработени поединци во државата. Конкретно, според истражувањето „Млади во криза 2.0“ (2021) за периодот февруари-јуни 2020 година, падот на просечните месечни нето-примања кај младите во јуни во однос на февруари е 2,6%, а падот на медијалната плата е 5,6%. На ниво на цела држава, соодветните падови се во износ од 1,8% и 1,4%. Дополнително, покрај пад во приходите, истата анализа базирана на податоците од МПИН системот на УЈП бележи и раст на младинската невработеност од скоро 4% од првиот до третиот квартал од 2020-та година.

## *Задоволство на младите од начинот на справување со кризата од страна на институциите*

Во однос на тоа колку младите се задоволни од начинот на справување со кризата од страна на државните институции, испитаниците имаат поделени ставови. Поконкретно, 40,9% од анкетираните млади се незадоволни од начинот на справување со кризата од страна на државата, 31,4% се задоволни, додека 26,1% од младите ниту се задоволни, ниту незадоволни (графикон 90). Впечатливо е дека бројот на целосно задоволни млади од начинот на справување со кризата на државата е само 6,3%.

**Графикон 90.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на прашањето „Општо земено, колку сте задоволни од начинот на справување со кризата од страна на државните институции?“.




Според етничката припадност, нешто поизразено е незадоволството кај младите од помалите етнички групи во споредба со испитаниците Македонци и Албанци (графикон 91).

**Графикон 91.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на прашањето „Општо земено, колку сте задоволни од начинот на справување со кризата од страна на државните институции?“, поделени според етничка припадност.

Според етничка припадност




Дополнително, во контекст на справување со кризата, две третини од младите сметаат дека се потребни построги мерки за справување со корона вирусот од страна на властите, додека блиску третина (30,9%) сметаат дека не се потребни построги мерки (графикон 92).

Во однос на тоа на кого паѓа товарот за заштита од корона вирусот, 38,7% од младите сметаат дека властите треба да оставаат на луѓето сами да одлучат како да се заштитат себеси и своите најблиски, но повеќе од половина испитаници (54,3%) не се согласуваат со ваквиот став (графикон 92).

**Графикон 92.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на тврдењата поврзани со улогата на властите во справување на КОВИД-19 кризата.




## *Стравови поврзани со пандемијата*

Запрашани за тоа што најмногу ги плаши во врска со КОВИД-19 пандемијата, младите како далеку најголеми стравови ги издвојуваат оние кои се поврзани со здравствените аспекти од кризата (графикон 93). Конкретно, младите најмногу се плашат дека ќе се разболат нивните блиски (71%), дека самите тие ќе се разболат (57,2%) или дека ќе заразат некој друг од нивниот круг (37,6%). Младите, исто така, стравуваат дека поради пандемијата ќе изгубат контакт со пријатели и членови од нивното семејство (26,3%) и дека ќе има рестрикции на движење (21,3%), а дури потоа дека ќе ја изгубат работата (14,7%) и дека нема да патуваат во странство (14,7%). Интересно е дека многу мал дел од младите се загрижени дека нема да се стекнат со добро образование поради кризата (12,6%) или пак дека ќе се наруши нивната психолошка состојба (11,4%).

**Графикон 93.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на прашањето „Во врска со пандемијата, се плашам...?“.[7]




7 При одговарањето на ова прашање, испитаниците имаа можност да означат максимум три од понудените одговори.

## *КОВИД-19 пандемијата и подложност на теории на заговор помеѓу младите*

Поврзано со пандемијата, младите беа соочени и со неколку изјави со цел да се истражи нивната подложност на неколку популарни теории на заговор поврзани со корона вирусот (графикон 94).

Она што е забележливо од резултатите прикажани на графикон 94 е дека голем дел од младите (79,9%) сметаат дека корона вирусот е посериозен од обичен грип, но во исто време близу еден од пет млади луѓе (15%) не го делат тој став и го изедначуваат корона вирусот со обичниот грип. Дека корона вирусот е посериозен од обичен грип, сметаат 84,4% од младите Македонци и 81,3% од младите од помалите етнички заедници, додека ваквиот став го делат 66,3% од младите Албанци.

Во однос на потеклото на вирусот, точно половина од младите (50,2%) веруваат дека вирусот е создаден во лабораторија, а само нешто помалку од една третина од младите сметаат дека е создаден по природен пат (27,7%), додека 22% не знаат како е создаден вирусот (графикон 93). Ставот дека вирусот е создаден во лабораторија е по изразен кај младите Македонци (52,7%) и младите од помалите етнички групи (59,3%), додека помалку изразен, но сепак висок и кај младите Албанци (39,8%). Интересно е дека на оваа теорија на заговор помалку подложни се најмладите од 15 до 18 годишна возраст (44,1%), додека највозрасните млади од 30 до 35 годишна возраст се поподложни (54,6%).

**Графикон 94.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на изјави поврзани со пандемијата.



Испитаниците беа запрашани и дали се согласуваат со изјавата дека мала група на моќни луѓе ја создадоа пандемијата за да владеат со светот. Иако подложност на оваа теорија на заговор е нешто пониска во однос на претходната изјава во однос на потеклото на вирусот, согласност со истата е повторно прилично висока (42,9%) (графикон 94). Како и кај претходната изјава, подложноста на оваа теорија на заговор е повторно повисока кај повозрасните млади. Впрочем, таа е далеку поизразена кај младите од 30 до 35 години (49,1%), наспроти младите на возраст од 15 до 18 години (30,8%). Според етничката припадност, оваа теорија на заговор е пораспространета кај младите од помалите етнички заедници (53,8%), а нешто помалку кај младите Македонци (43,6%) и младите Албанци (36,9%).

Интересно е да се спомене дека вербата во сите од горенаведените теории на заговор беше далеку поголема кај оние млади кои воопшто не се задоволни од начинот на кој државните институции се справуваат со КОВИД-19, за разлика од оние кои беа целосно задоволни од работата на институциите. Како за илустрација, од младите кои воопшто не се задоволни од начинот на справување со кризата дури 65% веруваат дека вирусот е создаден во лабораторија, а кај оние млади кои се целосно задоволни овој процент е видливо помал и изнесува 47%. Слично е и во однос на изјавата дека кризата е создадена од мала група на моќни луѓе со цел да владеат со светот. Во неа веруваат 62,6% од младите кои воопшто не се задоволни од справувањето со кризата, наспроти 37,8% од оние кои се целосно задоволни од начинот на справување со кризата.

Последната од понудените изјави ја мереше спремноста на младите да се вакцинираат доколку е достапна тестирана и безбедна вакцина против КОВИД-19. Резултатите покажуваат на висок степен на отпор кон вакцинација кај младите во периодот кога беше спроведена анкетата (декември, 2020 година). Поточно, скоро половина од младите (46%) се изјаснија дека не би се вакцинирале, дополнителни 20% се изјаснија дека сè уште не одлучиле дали ќе се вакцинираат, а само 33% или еден од тројца млади, се спремни да се вакцинираат против КОВИД-19 (графикон 94). Треба да се спомене дека во моментот кога беше спроведено истражувањето, процесот на вакцинација сè уште не беше започнат, што може да влијае на ниската спремност за вакцинација. Искуствата од светот покажуваат дека со почетокот на масовна имунизација расте и интересот за вакцинација кај населението (Pew Resaerch Center, 2021).

Споредбено со општата популација, се чини дека расположението кај младите за вакцинација е значително помало. Додека кај општата популација се проценува дека половина од граѓаните би се вакцинирале (види

Речица и Јовевска Ѓорѓевиќ, 2021; ИРИ, 2021), нашето истражување укажува дека само 33% од младите би се решиле на таков чекор. Ваквите резултати кои укажуваат на ниска спремност за вакцинација, како кај општата популација, така и кај младите, може сериозно да влијаат врз успешноста на самиот процес на достигнување на колективен имунитет. Иако сѐ уште не постојат доволно податоци за тоа колкав процент на луѓе треба да бидат вакцинирани за да се достигне т.н. „имунитетот на стадо“, првичните истражувања од областа укажуваат дека прагот може да се постигне само со висока стапка на вакцинација или степен на зараза, за која се проценува дека треба да биде најмалку 60% до 70% од популацијата.

Важно е да се спомене дека незадоволството од справувањето на државните институции со кризата се наметнува како една од клучните причини за ниската спремност кај младите да се вакцинираат. Конкретно, резултатите покажуваат дека од оние млади кои воопшто не се задоволни со начинот на справување со кризата од страна на државата, само 22,3% се спремни да се вакцинираат. Во исто време, од испитаниците кои се целосно задоволни од справувањето на државата со кризата, дури 51,5% се спремни да се вакцинираат. Ваквите резултати укажуваат дека желбата за вакцинирање е во голема мера поврзана со довербата во институциите и начинот на кој тие се справуваат со кризата.

Како значаен наод се издвојува и тоа дека спремноста за вакцинација е тесно поврзана со гласачките преференци кај младите, односно дали тие гласале на последните парламентарни избори за поддршка или за промена на власта. Конкретно, од испитаниците кои гласале за да и дадат поддршка на власта, дури 63,29% се изјаснија дека би се вакцинирале. Во исто време, од младите кои гласале за да се промени власта само 24,59% покажуваат спремност да се вакцинираат. Оттука, резултатите укажуваат на тоа дека желбата за вакцинација е правопропорционална со поддршката за Владата и блиску поврзана со мотивите за гласање кај младите. Ваквите наоди се конзистентни со резултатите од слични истражувања спроведени во Соединетите Американски Држави каде постои видлива политичка поделба во подготвеноста за вакцинација, во зависност од тоа дали граѓаните гласаат за републиканската или демократската партија (види Вашингтон пост, 2021).

Исто така, постои и значајна врска помеѓу верувањето во теориите на заговор и спремноста за вакцинирање. На пример, од оние испитаници кои сметаат дека вирусот е настанат во лабораторија дури 59,05% не би се вакцинирале, додека кај оние кои сметаат дека вирусот е настанат по природен пат бројот на оние кои не би се вакцинирале изнесува речи-

си тројно помалку (22,84%). Слично на ова, од испитаниците кои сметаат дека пандемијата е создадена од мала група моќни луѓе со цел да манипулираат и владеат со светот, 53,91% не би се вакцинирале. За разлика од нив, само 23,87% од испитаниците кои сметаат дека пандемијата не е создадена поради овие причини не би се вакцинирале.

# Степен на согласност со изјави поврзани со социо-политичката активност, политичките вредности и критичката мисла на младите

На самиот крај од анкетата, ги соочивме младите со низа на изјави за кои беше побарано од нив да кажат дали се согласуваат со истите или не (графикон 95).

**Графикон 95.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на изјави поврзани со политичките погледи и вредности кај младите.




Од понудените изјави, најголема поддршка кај младите постои за лидер со цврста рака. Високи 60,7% од младите се во потполна согласност со изјавата дека на нашата земја и треба ваков лидер, а дополнителни 16,8% се донекаде согласни со оваа изјава. Помалку од 1 од 5 млади луѓе (18,3%) сметаат дека на земјата не ѝ е потребен лидер со цврста рака. Во однос на демографските карактеристики, најголема согласност со изјавата постои

кај младите Македонци (65,5%) и кај младите од помалите етнички заедници (67%), а помала согласност кај младите Албанци (44,6%). Интересно, најмладите од 15 до 18 годишна возраст имаат пониска преференца за лидер со цврста рака (44,1%) за разлика од младите од 19 до 35 годишна возраст кај кои поддршката за ваков лидер надминува 60%.

Во однос на тоа дали сите партии се исти, постојат поделени ставови кај младите. Близу третина од младите (30,2%) се потполно уверени дека сите партии се исти, а дополнителни 23,9% донекаде го делат тоа мислење. Остатокот од младите (42,7%) донекаде или воопшто не се согласуваат дека сите партии се исти. Најголема убеденост дека сите партии се исти постои кај младите кои имаат потпросечен финансиски статус (42,9%), додека истиот став го делат околу 25% од оние кои имаат просечни или натпросечни примања.

Што се однесува до тврдењето дека на ЛГБТИ луѓето не им е место во политиката, скоро половина од младите (48,1%) воопшто или донекаде не се согласуваат со ваквата изјава. Од друга страна, 39,7% од младите донекаде или потполно се согласуваат дека на ЛГБТИ луѓето не им е место во политиката. Најголем отпор кон учество на ЛГБТИ луѓето во политиката е присутен кај младите од 30 до 35 годишна возраст (28,3% со потполна согласност со изјавата), наспроти најмладата популација од 15 до 18 годишна возраст кај која само 12,6 % се во потполна согласност со изјавата. Интересно е и дека во однос на оваа изјава, значаен процент на млади (12,3%) не знаеја да одговорат дали на ЛГБТИ луѓето им е место во политиката или не.

Поврзано со изјавата дали мажите се подобри политичари од жените, повеќе од две третини од младите (76,9%) воопшто или донекаде не го делат тој став. За разлика од нив, близу 1 од 5 млади луѓе (19,2%) донекаде или потполно сметаат дека мажите се подобри политичари од жените. Најголема спротивставеност кон оваа изјава има кај женските испитанички кај кои дури 61,1% целосно не се согласуваат со оваа изјава, наспроти 35,7% од машките испитаници кои целосно не се согласуваат. Во однос на етничката припадност, со ваквата изјава потполно не се согласуваат 54,3% од младите Македонци и 51,6% од младите од помалите етнички заедници, додека истиот став го делат само 30,5% од младите Албанци.

Запрашани за тоа дали на младите им е попаметно своето мислење за политичките случувања да го задржат за себе наместо да го искажат јавно, високи 72,7% од младите сметаат дека младите не треба да молчат

за политичките случувања, но сепак, скоро секој четврт млад човек (23%) смета дека е подобро да си го задржи политичкото мислење за себе.

Од сите понудени изјави, најголем консензус кај младите е евидентен во однос на тврдењето дека политиката е работа на политичарите во која младите не треба да се мешаат. Високи 81,7% од младите не се согласуваат со ваквиот став, додека само 16,1% од испитаниците се согласни дека младите не треба да се мешаат во политиката.

## *Споредбена анализа на резултатите од изјавите со наодите од 2019-та година*

Во истражувањето во 2020-та година вклучивме шест изјави кои беа дел и од претходното истражување спроведено во 2019-та година со цел да направиме споредбена анализа на резултатите (графикон 96). Резултатите од истражувањето во 2020-та година покажуваат одредени придвижувања во ставовите на младите во либерална насока на повеќето прашања кога тие ќе се споредат со резултатите од мај 2019 година. Највидлива е промената во ставовите на младите во однос на ЛГБТИ заедницата, со 19% намалување на согласност со изјавата дека на ЛГБТИ луѓето не им е место во политиката. Намалување од еднаква големина (19%) е евидентно и во однос на изјавата дека политиката е работа на политичарите во која младите не треба да се мешаат. Слично е и со останатите изјави каде постои 16% намалување во однос на тоа дека мажите се подобри политичари од жените, 9% намалување во однос на согласноста со изјавата дека на младите им е попаметно своето мислење за политичките случувања да го задржат за себе наместо да го искажат јавно и 9% намалување во однос на изјавата дека сите партии се исти.

Најмало придвижување во ставовите на младите постои во однос на согласноста со изјавата дека на нашата земја и е потребен лидер со цврста рака, каде се забележува намалена согласност од само 6,5%. Интересно кај изјавата за лидер со цврста рака е дека иако согласноста е малку намалена, за разлика од истражувањето од 2019-та каде 49% од младите потполно се согласуваа со ваквата изјава, во истражувањето во 2020-та година, таквиот процент е уште поголем и изнесува 60,7%. Со други зборови, во сегашното истражување, поголем корпус на млади имаат изразен став на поддршка кон лидер со цврста рака.

**Графикон 96.** Визуелен приказ на одговорите на национално репрезентативниот примерок на изјави поврзани со политичките погледи и вредности кај младите, во мај 2019 и декември 2020 година.




Нашата анализа не може со сигурност да потврди на што се должи делумната промена во ставовите на младите по повод понудените изјави во кусиот период помеѓу мај 2019 и декември 2020 година. Сепак, евидентно е дека со исклучок на афинитетот кон лидер со цврста рака (што е еден од индикаторите за поавторитарна политичка култура), младите имаат тенденција да се движат кон полиберални политички вредности за разлика од истражувањето од 2019-та година.



# НАОДИ ОД ТЕЛЕФОНСКАТА АНКЕТА ОД ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ ПРИМЕРОЦИ

# ПЕРЦЕПЦИЈА И СТАВОВИ НА МЛАДИТЕ СО СЕНЗОРНА И/ ИЛИ МОТОРНА ПОПРЕЧЕНОСТ ЗА СИТУАЦИЈАТА ВО ЗЕМЈАТА

Во однос на перцепциите и ставовите на младите со сензорна и/или моторна попреченост беа забележани низа отскокнувања во споредба со општата популација на млади. Имено, како што може да се види од графикон 97 подолу, само 11% од оваа група млади се задоволни од правецот во кој се движи земјата, што е за дури 13% помалку во споредба со општата популација на млади. Оттука, кога е во прашање перцепцијата за тоа во која насока се развиваат тековите во државата, постои јасно видливо повисоко ниво на незадоволство кај младите со попреченост.

Што се однесува до тоа дали државата за 5 години од денес ќе биде подобро место за живеење, 22% од младите со сензорна и/или моторна попреченост го делат овој став, за разлика од општата популација млади кај која овој процент изнесува 30%.

Во исто време, впечатливо е дека кога младите со попреченост се запрашани за степенот на задоволство со своето место во општеството, процентот на целосно или прилично задоволни млади со сензорна и/или моторна попреченост е за 5% повисок во споредба со општата популација на млади и тој изнесува 39%. Ваквиот впечаток е изненадувачки ако се има предвид дека младите со попреченост важат за една од најмаргинализираните групи на млади во општеството.

Интересно е тоа и дека во однос на можноста земјата да стане членка на ЕУ, кај младите со сензорна и/или моторна попреченост постои повисок степен на резервираност во споредба со општата популација на млади. Загрижува податокот дека само 1 од 5 овие млади луѓе сметаат дека

земјата некогаш ќе стане членка на ЕУ, што е дури 25% помалку во споредба со општата популација млади. Уште поголема резервираност е видлива по прашањето дали нашата земја е подалеку од ЕУ во споредба од пред една година, прашање на кое повеќе од половина од младите со сензорна и/или моторна попреченост (56%) сметаат дека земјата е оддалечена од патот кон ЕУ во минатата година, што е за дури 22% повеќе во споредба со општата популација. Ваквите податоци наведуваат на заклучокот дека младите со попреченост гледаат со далеку поголема резерва во однос на европската иднина на државата.

**Графикон 97.** Визуелен приказ на одговорите на младите со попреченост во споредба со општата популација на млади.

| 11% | 22% | 39% | 19% | 56% |
|---|---|---|---|---|
| СМЕТААТ ДЕКА РАБОТИТЕ ВО ЗЕМЈАТА СЕ ДВИЖАТ ВО ПРАВИЛНА НАСОКА | ВЕРУВААТ ДЕКА ЗА 5 ГОДИНИ ОД ДЕНЕС ДРЖАВАТА ЌЕ БИДЕ МНОГУ ИЛИ ДЕЛУМНО ПОДОБРО МЕСТО ЗА ЖИВЕЕЊЕ НА МЛАДИТЕ | СЕ ЦЕЛОСНО ИЛИ ПРИЛИЧНО ЗАДОВОЛНИ СО СВОЕТО МЕСТО ВО ОПШТЕСТВОТО | СМЕТААТ ДЕКА НАШАТА ЗЕМЈА НЕКОГАШ ЌЕ СТАНЕ ЧЛЕНКА НА ЕУ | СМЕТААТ ДЕКА НАШАТА ЗЕМЈА Е ПОДАЛЕКУ ОД ЕУ ВО СПОРЕДБА ПРЕД ЕДНА ГОДИНА |
| *13 процентни поени **помалку** во споредба со општата популација | *8 процентни поени **помалку** во споредба со општата популација | *5 процентни поени **повеќе** во споредба со општата популација | *25 процентни поени **помалку** во споредба со општата популација | *22 процентни поени **повеќе** во споредба со општата популација |

Што се однесува до тоа колку често младите со сензорна и/или моторна попреченост ги следат политичките настани, високи 81% ретко или никогаш не ги следат политичките настани, што е за 25% повеќе од општата популација на млади (графикон 98). Како претпоставка за оваа разлика, може да се посочи на недоволниот пристап до приспособени медиумски програми за лицата со попреченост кои би овозможиле повисок степен на информирање за политичките случувања.

Во однос на дали властите се грижат за нивните потреби, само 8% од младите со сензорна и/или моторна попреченост сметаат дека властите целосно или прилично се грижат за нив, што е за 13% помалку во според-

ба со општата популација млади. Кога е во прашање активизмот, 3 од 4 млади луѓе со попреченост никогаш не преземале нешто за решавање на одреден општествен проблем, процент кој кај општата популација на млади е за 31% помал. Понатаму, дури 89% од овие млади не биле вклучени или консултирани од институциите при носење на одлуки, што е за 20% во споредба со општата популација. Дополнително, во однос на тоа колку младите можат да влијаат врз работата на институциите, дури 83,3% од младите со попреченост сметаат дека не можат воопшто да влијаат, што е за 24,8% повеќе во споредба со останатите млади. Сите овие податоци укажуваат на далеку повисока социо-политичка исклученост на оваа група млади од општествените текови.

Во овој корпус на прашања, во позитивна насока единствено се издвојува податокот дека процентот на млади со попреченост кои би се иселиле од државата, што е за 11% од општата популација на млади и изнесува 47%.

**Графикон 98.** Визуелен приказ на одговорите на младите со попреченост во споредба со општата популација на млади.

| 81% | 47% | 8% | 89% | 75% | 83% |
|---|---|---|---|---|---|
| РЕТКО ИЛИ НИКОГАШ НЕ ГИ СЛЕДАТ И НЕ СЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЗА ПОЛИТИЧКИТЕ НАСТАНИ И СЛУЧУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА | БИ СЕ ИСЕЛИЛЕ ОД ДРЖАВАТА ВО СЛУЧАЈ НА МОЖНОСТ | СМЕТААТ ДЕКА ВЛАСТИТЕ ЦЕЛОСНО ИЛИ ПРИЛИЧНО СЕ ГРИЖАТ ЗА НИВ И НИВНИТЕ ПРОБЛЕМИ | ДОСЕГА НЕ БИЛЕ ВКЛУЧЕНИ ИЛИ КОНСУЛТИРАНИ ОД ИНСТИТУЦИИТЕ ПРИ НОСЕЊЕ НА ОДЛУКИ | НИКОГАШ НЕ ПРЕВЗЕМАЛЕ НЕШТО ЗА РЕШАВАЊЕ НА ОДРЕДЕН ОПШТЕСТВЕН ПРОБЛЕМ | НЕ МОЖАТ ВООПШТО ДА ВЛИЈААТ ВРЗ РАБОТАТА НА ВЛАСТИТЕ |
| *25 процентни поени **повеќе** во споредба со општата популација | *11 процентни поени **помалку** во споредба со општата популација | *13 процентни поени **помалку** во споредба со општата популација | *20 процентни поени **повеќе** во споредба со општата популација | *31 процентни поени **повеќе** во споредба со општата популација | *25 процентни поени **повеќе** во споредба со општата популација |

Во однос на гласањето, процентот на млади со сензорна и/или моторна попреченост кои секогаш гласаат е повисок за 8% од општата популација на млади, и изнесува 61% (графикон 99). Но, во однос на бројот кои гласале на последните парламентарни избори, тој процент е помал за 8% во споредба со општата популација и изнесува 67%. Запрашани за посветеноста на актуелната Влада на решавање на младинските проблеми, нешто помалку од 1 од 5 млади луѓе со попреченост сметаат дека Владата е доволно посветена на проблемите со кои се соочуваат младите (7% помалку во споредба со општата популација). Сличен процент на млади со

попреченост (19%) се задоволни од начинот на справување со кризата од страна на државните институции (12% помалку во споредба со општата популација). Во однос на тоа дали корона вирусот е создаден во лабораторија или по природен пат, близу 3 од 4 овие млади луѓе сметаат дека тој е создаден во лабораторија, што е 22% повеќе во споредба со општата популација млади.

**Графикон 99.** Визуелен приказ на одговорите на младите со попреченост во споредба со општата популација на млади.

| 61% | 67% | 17% | 19% | 72% |
|---|---|---|---|---|
| СЕКОГАШ ГЛАСААТ | ГЛАСАЛЕ НА ПОСЛЕДНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ | СМЕТААТ ДЕКА ВЛАДАТА ФОРМИРАНА ВО АВГУСТ, 2020 Е ДОВОЛНО ПОСВЕТЕНА НА РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ НА МЛАДИТЕ | СЕ ЗАДОВОЛНИ ОД НАЧИНОТ НА СПРАВУВАЊЕ СО КРИЗАТА НА ДРЖАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ | СМЕТААТ ДЕКА ВИРУСОТ Е СОЗДАДЕН ВО ЛАБОРАТОРИЈА, А НЕ ПО ПРИРОДЕН ПАТ |
| *8 процентни поени **повеќе** во споредба со општата популација | *8 процентни поени **помалку** во споредба со општата популација | *7 процентни поени **помалку** во споредба со општата популација | *12 процентни поени **помалку** во споредба со општата популација | * 22 процентни поени **повеќе** во споредба со општата популација |

# ПЕРЦЕПЦИЈА И СТАВОВИ НА МЛАДИТЕ ПРИПАДНИЦИ НА ПОМАЛИТЕ ЕТНИЧКИ ЗАЕДНИЦИ ЗА СИТУАЦИЈАТА ВО ЗЕМЈАТА

Кога се младите од помалите етнички заедници во прашање, како разлики во ставовите во споредба со општата популација на млади се издвојуваат пет прашања (графикон 100). Имено, кај младите од помалите етнички заедници постои 10% поголема желба за иселување од државата во споредба со општата популација на млади. Односно, повеќе од две третини (68%) од младите од помалите етнички заедници би се иселиле доколку им се укаже таква можност.

Кога е во прашање гласањето, 59% од младите од помалите етнички заедници секогаш гласаат на избори, што е нешто повисок процент (6% повеќе) во споредба со општата популација на млади. Во однос на последните парламентарни избори, 68% од младите од помалите етнички заедници гласале, што е 7% помалку во споредба со општата популација на млади.

Дополнително, близу 9 од 10 млади кои се припадници на помалите етнички заедници изразуваат поддршка за лидер со цврста рака. Што се однесува до вакцинирањето, кај младите од помалите етнички заедници постои нешто повисоко расположение за вакцинирање во споредба со општата популација на млади, односно 40% наспроти 33%.

**Графикон 100.** Визуелен приказ на одговорите на младите од помалите етнички групи во споредба со општата популација на млади.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **68%** | **59%** | **68%** | **89%** | **40%** |
| **БИ СЕ ИСЕЛИЛЕ ОД ДРЖАВАТА ВО СЛУЧАЈ НА МОЖНОСТ** | **СЕКОГАШ ГЛАСААТ** | **ГЛАСАЛЕ НА ПОСЛЕДНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ** | **СМЕТААТ ДЕКА НА НАШАТА ЗЕМЈА И ТРЕБА ЛИДЕР СО ЦВРСТА РАКА** | **СМЕТААТ ДЕКА ВИРУСОТ Е СОЗДАДЕН ВО ЛАБОРАТОРИЈА, А НЕ ПО ПРИРОДЕН ПАТ** |
| *10 процентни поени **повеќе** во споредба со општата популација | *6 процентни поени **повеќе** во споредба со општата популација | *7 процентни поени **помалку** во споредба со општата популација | *10 процентни поени **повеќе** во споредба со општата популација | *7 процентни поени **повеќе** во споредба со општата популација |

# ЗАКЛУЧОК

Целта на ова, второ по ред истражување (по она од 2019-та година, спроведено од страна на Фондацијата за демократија на Вестминстер), беше да се понуди опсежен преглед на низа аспекти поврзани со социо-политичкото учество на младите во Република Северна Македонија. Студијата обезбедува увид во ставовите на младите за неколку клучни теми: општествено-политичките случувања во земјата и позицијата на младите луѓе во општеството; погледите на младите за иднината на земјата и нејзината ЕУ перспектива; довербата на младите во работата на властите, како и можноста младите лично да влијаат и да учествуваат во институционални процеси за донесување одлуки; нивото на општествено-политичка вклученост кај младите, преку учество во разни форми на здружување и гласање на избори; политичките вредности кај младите; како и специфичното влијание на кризата предизвикана од КОВИД-19 врз младите и нивните ставови за различни аспекти поврзани со кризата.

Како резултат од истражувањето, дојдовме до неколку значајни заклучоци кои се тесно поврзани со клучните зборови наведени во насловот на студијата: *нееднаквост, неизвесност и различни очекувања.*

## *Младинска нееднаквост*

Една од првите работи која е воочлива од резултатите од истражувањето е што голем дел од разликите во ставовите на младите се тесно поврзани со или предизвикани од нееднаквостите помеѓу младите. Тоа е особено случај со финансискиот статус на младите, каде што беа видливи изразени разликите помеѓу најсиромашните и најбогатите испитаници. Конкретно, на повеќето прашања, финансиските разлики се покажаа како важен елемент кој влијаеше врз перцепцијата на младите, при што оние испитаници со низок финансиски статус се изразито понезадоволни од случувањата во државата и гледаат попесимистички на настаните. Во контекст на КОВИД-19 кризата, нееднаквостите се највидливи во однос на пристапот и условите за учење на далечина. Резултатите укажуваат на тоа дека младите со ниски финансиски примања и оние од рурални-

те средини се соочуваат со понагласени предизвици за време на кризата, во споредба со останатите свои врсници.

Во иднина, таквите разлики и нееднаквости треба да бидат експлицитно идентификувани и надминати од страна на институциите, со цел да се премости јазот на нееднаквост кој постои помеѓу младите. Доколку државата има намера да ги извлече придобивките од човечкиот капитал со кој располага, потребно е неодложно да се формулираат мерки за млади кои ќе ги таргетираат токму најранливите групи, а со кои ќе се надминат причините за нееднаквоста во Република Северна Македонија.

## *Неизвесност во општествениот контекст*

Неизвесноста е уште една клучна карактеристика која ги обележува резултатите од истражувањето. КОВИД-19 пандемијата се јавува како еден од главните причинители кој ја поттикнува ваквата неизвесност. Она што е воочливо е дека таа има влијание врз скоро сите сегменти од животот на младите. Од здравствен аспект, кај младите најчесто преовладува стравот од можна зараза со вирусот. Тие исто така чувствуваат неизвесност дека како резултат на пандемијата ќе изгубат контакт со пријателите и членови од нивните семејства, а стравуваат и од можноста на зголемени рестрикции на движење. Од економски аспект, кај дел од младите се јавува и грижа во однос на можните последици по нивните примања и можности за вработување. За разлика од сите овие неизвесности, интересно е да се спомене дека само мал дел од младите чувствуваат загриженост за можните ефекти од КОВИД-19 врз нивното образование. И покрај тоа што пандемијата го наруши нормалниот тек на учење, се чини дека еден дел од млади имаат задоволително мислење за начинот на кој се изведува наставата од далечина.

И покрај глобалните пораки за можноста за закрепнување и враќање во нормала со почетокот на процесот на масовна вакцинација, треба да се има на ум дека ефектот од КОВИД-19 кризата не е привремен. Дури и со намалување на неизвесностите кои се тесно поврзани со стабилизација на секојдневието, ризикот од т.н. „изгубена генерација“ млади останува сериозен извор за загриженост. Досегашните искуства и проекции на светско ниво јасно укажуваат дека сега, повеќе од било кога, се потребни мерки кои ќе го неутрализираат негативното влијание кое кризата го има врз младите. Во оваа насока потребни се мерки кои ќе ја поттикнат економската активност кај младите, ќе компензираат за загубеното учење и ќе ја намалат т.н. „сиромаштија во учењето“. Потребни се и мерки кои ќе ги намалат долгорочните ефекти врз менталното здравје на младите,

како и мерки кои ќе обезбедат поголемо политичко учество на младите во процесот на закрепнување на општеството и носењето на одлуките кои директно ги засегаат.

## *Различни очекувања од иднината*

Повеќето од постоечките студии за млади, но и начинот на кој младите се најчесто прикажани во јавниот дискурс, имаат тенденција да ја претставаат младата популација како хомогена група, при тоа занемарувајќи ја потребата да се потенцира постоењето на одредени разлики во ставовите на младите. Таквиот недостаток на диференцијација и слоевитост имплицитно сугерира дека младите споделуваат заеднички искуства, ставови и очекувања, не оставајќи простор за доаѓање до израз на шареноликоста на профилот на младиот човек. Уште поважно, ваквиот пристап ги игнорира значајните демографски, социјални, културни и економски разлики кои се тесно поврзани со младинскиот идентитет, позиција и поглед кон општеството и политиката.

Иако несомнено постојат одредени сличности во ставовите на младите, истражувањето јасно укажува дека младите имаат низа различни перцепции за социо-политичките случувања и иднината. Каде живеат, кои се нивните примања, како гледаат на состојбите во државата и работата на институциите, колку се вклучени во процесите на одлучување и колку може да влијаат врз работата на властите, се само дел од критериумите по кои се јавуваат разлики во гледиштата помеѓу младите. Оттука, резултатите од истражувањето се и повик за реконцептуализација на терминот млади, во насока на препознавање дека не сите млади споделуваат исти ставови и имаат ист однос кон настаните.

Дополнително, она што истражувањето го покажува е дека ставовите и очекувањата на младите не се статични, туку променливи и динамични. Споредбената анализа со податоците од истражувањето спроведено во 2019-та година јасно укажува на тоа дека постојат одредени поместувања во ставовите на младите. Најпозитивни придвижувања во ставовите има во однос на социо-политичките вредности кај младите, особено во однос на потребата од еднакво вреднување на мажите и жените во политиката, како и омекнување на ставовите во однос на вклучување на ЛГБТИ луѓето во политиката. Како позитивно може да се издвои и делумно зголемениот број на општествено активни млади. Од друга страна, постојат и придвижувања во непожелен правец. Највидлива промена се појавува кај драстично намалениот број на млади луѓе кои се оптимистични за можен влез на земјата во Европската Унија, резултат кој може да се толкува во светло

на скорешните пречки на патот кон започнување на преговорите. Слично, загрижува и зголемениот процент на млади кои сметаат дека државата се движи во погрешна насока. Гледајќи наназад, она што останува релативно константно во споредба со истражувањето од 2019-та година е фактот дека младите се повторно незадоволни од своето место во општеството, од работата на институциите и можностите да се слушне нивниот глас. Оттука, како и претходно, останува пораката која ја добиваме од младите дека тие се чувствуваат заборавени од страна на креаторите на политики и бараат поревносен одговор од институциите за решавање на предизвиците со кои се соочуваат.





# ПРЕПОРАКИ

*Препораките кои произлегуваат од оваа анализа се обработени на два начини - **резимирани препораки** и **детални препораки.***

***Резимираните препораки** претставуваат патоказ за итно и планско делување за младите. Резимираните препораки го сумираат она што е најнеопходно и приоритетно за подобрување на позицијата на младите.*

***Деталните препораки** се разработени по институции и сектори, и даваат насоки како различните чинители треба да делуваат, во рамките на својата надлежност и општествена одговорност, за младите.*

# РЕЗИМИРАНИ ПРЕПОРАКИ - ПАТОКАЗ ЗА МЛАДИТЕ -

## Итни препораки

***кои треба да се преземат во 2021 г.***

- Да се гарантираат буџетски средства наменети за младите и младинските политики, во буџетот на АМС но и за политики на други институции. Моменталното ниво на буџетот, односно средствата посветени на младите треба да биде заштитено од намалувања, вклучително и поради кризата. Со оглед на последиците од кризата врз младите, како и средствата кои се двојат за младите споредбено со други сектори, треба да се зголемуваат фондовите наменети за оваа тема.

- Локалните самоуправи треба итно да работат за креирање на локални младински совети, согласно со Законот за младинско учество и младински политики. За тоа да го направат на инклузивен и одржлив начин, да соработуваат со АМС, младинските организации и организациите кои работат во оваа област.

- Политичките партии да се заложат младите да бидат застапени во програмите на локалните избори 2021. Младите да бидат претставени и како кандидати на листите за изборите и на добитни позиции.

- Да се направат измени во Законот за средно образование за да се гарантира ученичкото организирање во секое училиште и да се обезбеди одржливо и претставничко националното ученичко организирање и учество.

- Институциите и здравствените власти да ги едуцираат и информираат младите за потребата од вакцинација на населението. Да се обезбеди кампања која ќе се спротивстави на дезинформациите и ќе ја поттикне вакцинацијата кај младите.

## Долгорочни препораки

***кои треба да бидат приоритет оваа и претстојните години***

- Креирањето на Националната стратегија за млади треба да се спроведе како фундаментален процес на утврдување на насока за делување и поставување на целите за младите за идниот период во земјата. Процесот треба да биде базиран на факти, да ги земе предвид потребите на различните младински групи, да ги вклучи младите и да ги обезбеди сите предуслови за квалитетно и темелно спроведување.

- Локалните самоуправи да почнат да работат  на отворање на локални младински центри, според задолжителната обврска од ЗМОУП. Да се обезбеди простор и буџет за нивна работа, но во нивното отворање може да се вклучи и локалната младинска заедница и меѓународните организации. Центрите треба да обезбедат активности кои ќе го подобрат животот и слободното време на младите во општината.

- Да се работи на долгорочно подобрување на економската позиција на младите во земјата. Често соочени со ниски примања, висока стапка на невработеност, несоодветни работни договори, младите имаат независна и ограничена финансиска позиција, која треба да биде подобрена со сериозен политички пристап.

# ДЕТАЛНИ ПРЕПОРАКИ
# - ЗА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ -

## *До националните институции кои работат со младите*

1. Да започне креирањето на национална стратегија за млади за да се даде рамка за политиките и приоритетите за млади во претстојните години, кое е предвидено со *Законот за младинско учество и младински политики* (во натамошниот текст ЗМУМП) донесен во 2020. Да се дефинира што се случува со и како се користи *Национална стратегија за млади 2016-2025*. Креирањето на стратегијата треба да биде информиран и инклузивен процес, а по нејзиното носење, АМС треба да изработи и акциски планови, како и да спроведува редовни состаноци за процена на спроведувањето, покрај мониторингот и изготвувањето на извештаи за евалуација.
2. Владата на РСМ и Агенцијата за млади и спорт да изработуваат годишен извештај за политиките за млади во земјата. Овој извештај да биде јавен и да се доставува до Советот за млади при АМС, Националното советодавно тело и до Клубот за младински прашања во Собранието на РСМ.
3. Се поздравува објавувањето на листата на службеници на млади од страна на Владата на РСМ. Овие позиции треба да придонесат кон подобрување на координација на младинските активности, известување за спроведување на националната стратегија и одговорни за достапноста на институцијата за младите во земјата.
4. Да се обезбеди целосна имплементација на одредбите предвидени во Законот за младинско учество и младински политики, вклу-

чувајќи ги – формирањето на локални младински совети, носењето национална стратегија за млади, локални стратегии за млади, отворање младински центри, формирање на национално советодавно тело за млади и финансирање за младински политики. Да се одвои 0,3% од Буџетот на РСМ за имплементација на Законот.

5. Да се продолжи со финансирањето на младински организации, но и да се изнајдат начини истото да се воведе како долгорочна практика. АМС и Владата да воведат годишна програма за доделување на средства за проекти за млади.

6. Агенцијата за млади и спорт драстично да ги зголеми средствата во буџетот за секторот за млади. АМС треба да се стреми да постигне порамномерна распределба на средствата за секторите Спорт и млади, додека секторот млади треба да биде и соодветно екипиран и поддржан со персонал. Во насоки на поголема улога на овој сектор, се препознава започнатото формирање на Совет на млади.

7. Податоците достапни на институциите од демографските анализи (пр. на Државниот завод за статистика) да се обработуваат и на начин на кој ќе може да се следат трендовите кај младите, односно покрај анализата по пол, етникум, место на живеење, итн., да се анализира и возрасната група од 18 до 29 години. Ова издвојување на постоечките податоци ќе ги продлабочи информациите за младите. Дополнително, Владата треба да алоцира финансии за истражувања и анализи во поглед на прашањата кои влијаат врз младите, во различни области, а преку кои ќе се информираат и анализираат политиките наменети за младите. За оваа цел може да се користат и трудовите на граѓанските организации и академската заедница. Да се формира Истражувачкиот центар предвиден во рамките на Агенцијата за млади и спорт.

8. За да се гарантира учеството на средношколците во носењето одлуки во нивните училишта и политиките кои ги засегаат, Ми-

нистерството за образование и наука треба да предложи измени во Законот за средно образование, за гарантирање на правото на средношколско организирање и за обезбедување право на студентите да бидат присутни во телата за донесување одлуки во нивните универзитети. Работната група за млади при МОН да ги земе превид добрите пракси од последната година за комуникација со учениците и да изработи решенија за законско гарантирање на правото на учество на средношколците.

9. Владата, Агенцијата за млади и спорт и надлежните министерства да практикуваат консултации со младите преку дискусии, тематски седници и директни средби. Институциите да ги охрабрат младите да комуницираат со нив преку службениците за млади. Институциите да се погрижат да бидат отворени и за младите со попреченост преку пристапни комуникации и свест за нивните потреби.

10. При креирање политики да се земаат предвид специфичните карактеристики на групата млади, и да се третираат младите хоризонтално, со грижа за нивните потреби во секоја јавна политика, наместо да бидат предмет исклучиво на издвоени политики.

### *До Собранието*

11. Клубот за младински прашања и политики при Собранието на РСМ да постави практики и механизми за вклучување на младите во дискусиите и одлучувањето поврзано со нивните проблеми. Ова може да се постигне преку консултативни средби, тематски експертски дискусии, јавни расправи, надзорни расправи, теренски посети и други алатки.

12. Клубот да работи на актуализација на нови или запоставени теми кои ги засегаат младите и нивната добросостојба, а не се дел мејнстрим политичката агенда на институциите и јавноста.

13. Собранието на РСМ треба да обезбеди техничка и административна поддршка за Клубот за младински прашања и политики, за да се обезбеди поголема ефикасност и поддршка на младите пратеници при работата.

14. Клубот за младински прашања и политики, во соработка со надлежните комисии (Комисија за образование, наука и спорт, Комисија за финансирање и буџет, др.) да вршат надзор над имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики, но и други значајни политики кои ги засегаат младите. Собранието и Клубот за младински прашања и политики треба да ја охрабрат координацијата и соработката помеѓу различните институции кои работат на прашања поврзани со младите, преку расправи посветени на младинските прашања.

15. Клубот да бара да се креира годишен извештај за политиките за млади од Владата и Агенцијата за млади и спорт, вклучувајќи го и спроведувањето на законите кои влијаат на младите, кој ќе се разгледува од страна на пратениците.

16. Со цел да се посвети поголемо внимание на законите и политиките поврзани со младите, Собранието да ја разгледа идејата за формирање на Комисија за млади, овозможувајќи јасна и посветена одговорност за прашањата поврзани со младите.

17. За подобро информирање и едуцирање на младите за работата на Собранието, Одделението за образование и комуникација на парламентарниот институт да продолжи да спроведува активности за пристап до младите и студентите, образовните институции, организации и клубови.

18. Собранието да ги унапреди и продолжи добрите практики на вклучување на младите, а во својата програма да вметне активности за вклучување на младите. Ова може да се направи на следните начини: Собранието да биде отворен простор за одржување и организирање на младински настани; да се одржуваат студиски посети во Собранието, да се креира програма за практикантска работа и други активности.

*До образовните институции*

19. Да се обезбеди простор за учество на средношколците во процесите на одлучување во нивните училишта и во креирањето на националните политики. Се препознава учеството на Унијата на средношколци, но важно е средношколското организирање да биде гарантирано преку Законот за средно образование за да се озбезбеди што е можно поголема репрезентативност на претставничките тела, а на учениците да им се обезбеди место за дискусија во образовниот процес.

20. Студентските собранија да добиваат поддршка од страна на високо-образовните институции за нивната работа и истите да ги вклучуваат и консултираат студентите во нивното застапување и одлучување за студентските права.

21. Да се продолжи со промоцијата и подобрувањето на концептот за граѓанско образование во наставните програми и целокупниот образовниот процес преку теми во наставата поврзани со граѓанското образование, воннаставни содржини, ученичко учество и иницијативи во училиштата.

22. Училиштата да организираат и поттикнуваат активности кои ги запознаваат младите со институциите, нивната работа и улога во работа за граѓаните, преку студиски посети, гостински предавања и останати активности со локалните самоуправи и националните институции.

23. Да се поддржува неформалното образование во образовните институции кое придонесува за граѓанско образование и добросостојба на учениците, негувајќи соработка со младинските и граѓанските организации како и приватниот сектор.

24. За да го поддржат креирањето на младинската политика и квалитетот на дискурсот за младинските прашања, високообразовните институции и особено научните институти треба да спроведуваат истражувања за млади и други сродни полиња од нивен интерес.

## *До локалните самоуправи*

25. Да формираат локални младински совети како тела за учество на младите во политиките на локалната самоуправа, согласно Законот за младинско учество и младински политики. Локалните младински совети треба да ги вклучуваат различните форми на младите во заедницата, вклучувајќи ги и младите со попреченост. Локалните младински совети да добијат техничка и административна поддршка за нивното работење.

26. Се поздравува именувањето службеници за млади, сепак локалните самоуправи кои сè уште немаат назначено треба да именуваат службеници за млади и да одредат простории кои ќе служат како канцеларии за млади.

27. Локалните самоуправи да направат подготовки за отворање на локални младински центри, како идентификација на простори и одредување на буџетски средства, согласно со ЗМУМП. Младинските центри можат да бидат отворени во соработка со младински граѓански организации и групи, кои треба да бидат поткрепа во нивното работење и содржини. Овие центри можат да претставуваат простор за локалните младински организации, студентски тела, клубови, неформални групи и младински иницијативи за развој и водење на нивната работа и програми и унапредување на учеството на младите. Центрите да бидат пристапни за младите со попреченост.

28. Да работат на креирање и усвојување на локални стратегии за млади како и да се погрижат за одвојување на најмалку 0,1% од годишниот буџет за млади. Стратегиите треба да бидат имплементирани на совесен и значаен начин, заедно со доволни ресурси, процена и следење на квалитетот.

### *До политичките партии и нивните подмладоци*

29. Политичките партии да ги адресираат прашањата на младите преку политики за млади во своите програми, кои треба да бидат креирани во консултација со подмладоците и младите.

30. Како место за создавање на млади политички лидери, подмладоците на политичките партии треба да добијат поистакната улога во политичките партии и да бидат охрабрени да даваат предлози и идеи за тоа како партијата треба да ги реши проблемите на младите.

31. Подмладоците на политичките партии треба да послужат како места за градење на политичко знаење, дијалог, учество и ангажирање на младите во политичките партии и општеството. Ова треба да се направи со тоа што ќе им се овозможи на подмладоците да создаваат и спроведуваат свои програми, преку организирање активности со млади, одржување консултации, вршење истражувања и развој на политики.

32. Со цел политичките партии да создаваат порелевантни младински политики и политики засновани врз докази, истражувачките центри на партиите треба да спроведат истражувања и да направат анализа на потребите и перцепциите на младите луѓе.

33. Политичките партии треба да гарантираат дека се обезбедени доволно средства за нивните подмладоци, обезбедувајќи им соодветни ресурси за работење и зајакнување на нивната автономија.

34. Политичките партии треба да обезбедат младите луѓе да имаат можност да бидат претставени на изборните списоци на нивните политички партии на парламентарните и локалните избори, како предуслов да станат политички вклучени.

35. Подмладоците на политичките партии да учествуваат во локалното младинско организирање преку локалните младински совети. Подмладоците да остваруваат соработка и комуникација со другите облици на младинско организирање (организации, средношколски унии, студентски собранија, итн.), како би се овозможиле размени на добри практики и соработки.

*До граѓанските организации*

36. За да се обезбеди практикување на учество во рамките на нивните структури, граѓанските организации треба да ги вклучат младите луѓе и нивните претставници во работата, во развој на проекти и програми и напори за застапување;

37. Граѓанските организации да бидат отворени и пристапни за младите луѓе како нови членови или корисници и нивните можности за вклучување и донесување одлуки во рамките на организациите.

38. Граѓанските организации треба да вршат поактивен мониторинг и следење на имплементацијата на законите и политиките за млади од страна на институциите и застапување за младите како приоритет. Граѓанските организации треба да ги водат и да учествуваат во воспоставувањето на механизмите предвидени во ЗМУМП и консултациите за политики за млади.

39. Граѓанските организации активно да ја следат работата и да соработуваат со Агенцијата за млади и спорт, Клубот на млади пратеници и останатите институции кои работат за млади со цел информирање на младите и соодветно застапување за подобри политики.

40. За да допрат до младите луѓе во области каде има помалку можности за ангажман, граѓанските организации треба да обезбедат активности за младите луѓе што се надвор од главниот град на земјата, како на пример во другите градови или рурални области.

41. Граѓанските организации треба да станат модели и да промовираат еднаква вклученост и поддршка на младите луѓе кои доаѓаат од маргинализираните групи и загрозени средини. Граѓанските организации треба да се погрижат дека комуницираат и се пристапни за младите со попреченост и да го охрабруваат и работат на нивното учество.

## *До медиумите*

42. Бидејќи младите се недоволно застапени во сферата на медиумите, медиумите треба да обезбедат простор младите да бидат поприсутни во медиумските програми и содржини и да се слушне нивниот глас.

43. Со цел да допрат до и да ја информираат младата публика, медиумите треба да создадат содржина која е разбирлива и прилагодена за младите во однос на формата, темите и јазикот и каналите на комуникација.

44. Младинските прашања и иницијативи да станат поприсутни во медиумите преку известување, со тоа што ќе има новинари посветени на младински теми, преку креирање на програмски секции и производи за млади, преку истражувачко известување за младински прашања, ангажирање на млади новинари и други пристапи.

45. Да се погрижат младите да бидат дел од изворите, соговорниците и експертите кои ги користат во нивната работа и производи и на теми кои не се експлицитно младински, за да се даде шанса за видливост и профилирање на младите професионалци во различни области.

### *Препораки поврзани со КОВИД-19*

46. Владата, Агенцијата за млади и спорт и клучните министерства (МОН, МФ, МЕ, МЗ, МТСП) да направат група за координација и информирање околу политиките насочени кон младите за време на справувањето со кризата предизвикана од вирусот КОВИД-19, преку која ќе се води грижа младите да бидат опфатени во политиките за намалување на негативните ефекти од кризата и ќе се постигне институционална соработка при спроведувањето на мерките.

47. Националните и здравствените власти треба да спроведат кампања за информирање и покревање на свеста кај младите за мерките за заштита од ширење на КОВИД-19 и особено за потребата од вакцинација на населението.

48. Националните власти да ги вклучат младите во креирањето на политиките за намалување на негативните економски ефекти од КОВИД-19 кризата, особено лицата кои изгубиле работа или имале намалување на примањата, со посебни мерки.

49. Националните власти и образовните институции да обезбедат поддршка за пристап до наставата на далечина за младите кои немаат услови за соодветно следење на онлајн наставата.

# БИБЛИОГРАФИЈА


Агенција за млади и спорт. (2021). Квартален преглед на впишани организации во Регистар на Младински организации, Организации за млади и Младински чадор организации - 21.4.2021. Достапен на: https://bit.ly/3kUL3Am

Агенција за млади и спорт. (2021). Службеници за млади во органи на државна управа, институции и општини. Пристапено на 7 јуни 2021 година на: https://bit.ly/3y6EBKn

Ангелова, М. и Панев, К. (2020). Нов бран во студентското организирање. Национален младински совет на Македонија: Скопје, Република Северна Македонија. Достапен на: https://bit.ly/3y7MPC0

Вашингтон пост. (2021). The partisan divide in coronavirus vaccinations is widening (партиската поделба за вакцинацијата се проширува). Достапен на: https://wapo.st/3y2wVJh

Велковска, И. (2018). Економски придобивки и предизвици од членството во НАТО. Институт за европска политика: Скопје, Република Северна Македонија. Достапен на: https://bit.ly/3rxWOhF

Галевски, М. (2019). Социо-политичко учество на младите во Северна Македонија: Апатија, оптимизам или разочараност? Фондација за демократија на Вестминстер: Скопје, Република Северна Македонија. Достапен на: https://bit.ly/2WhiYsT

Галевски, М. и Ѓорѓиовска, Ј. (2021). Младинско политичко отсуство: Анализа за позицијата на младите на парламентарните избори 2020. Фондација за демократија на Вестминстер: Скопје, Република Северна Македонија. Достапен на: https://www.wfd.org/wp-content/uploads/2021/03/Youth-Political-Absence-MK-web.pdf

Дамјановски, И. (2021). Анализа на јавното мислење за членството на Северна Македонија во Европската Унија (2014-2020). Институт за демократија „Социетас Цивилис“: Скопје, Република Северна Македонија. Достапен на: https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2021/02/A5_Analysis-of-public-opinion-on-North-Macedonias-accession-tothe-European-Union-2014-2020ENG.pdf

Дамјановски, И. и Kircher, M. J. (2019). Анализа на јавното мислење за членството на Северна Македонија во Европската Унија (2014-2018). Институт за демократија „Социетас Цивилис“: Скопје, Република Северна Македонија. Достапен на: https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2019/02/A5_Public-Opinion-Analysis-2018ENG.pdf

Интернационален Републикански Институт. (2021). Анализа на јавното мислење (4 март - 6 април, 2021). ИРИ: Скопје, Република Северна Македонија.

Меѓународна организација на трудот (МОТ). (2020). ILO Monitor: COVID-19 and the world of work. Fourth Edition. (МОТ мониторинг: КОВИД-19 и светот на работата. Четврто издание). Достапен на: https://socijalendijalog.mk/wp-content/uploads/2020/06/ILO-Monitor-4th-Edition.pdf

Михајловски, Н. (2020). Младите и политиката во Северна Македонија: Која е перцепцијата за работата на Собранието? Програма за парламентарна поддршка: Скопје, Република Северна Македонија. Достапен на: https://bit.ly/3iFL0pv

Млади умови (Young Minds). (2020). Coronavirus: Impact on young people with mental health needs (Корона вирусот: Импакт врз младите луѓе со потреби за ментално здравје). Достапно на: https://youngminds.org.uk/media/3904/coronavirus-report-summer-2020-final.pdf

Млади во криза 2.0 - група граѓански организации. (2021). Ефекти од пандемијата врз младите и препораки до институциите. Достапен на: https://bit.ly/3x6D7yq

Младински образовен форум (МОФ). (2019). Соопштение - Прес-конференција за споделување на резултатите од мониторингот на студентски избори. Достапен на: https://mof.mk/pres-konferentsija-za-spodeluvane-na-rezultatite-od-sprovedeniot-monitoring-na-studentski-izbori-2019/

Младински образовен форум. (2021). Анализа од спроведен мониторинг на студентските избори 2020/2021. Младински образовен форум: Скопје, Република Северна Македонија. Достапен на: https://bit.ly/2W7xMtQ

Клуб за младински прашања и политики. (2021). Нацрт-План за работа на Клуб за младински прашања и политики. Интерен документ.

Обединети нации. (2020а). Policy brief: Education during COVID-19 and beyond (Документ за политики: Образование за време на КОВИД-19 и потоа). Достапен на: https://bit.ly/3eRGSkY

Обединети нации. (2020б). Помош за младите луѓе со попреченост при справување со КОВИД-19 во Северна Македонија. Достапен на: https://bit.ly/3iMl6Aa

Радио МОФ. (2021а). Никој не ги ферма младите – пандемијата, изборите и апатијата ги закочија младинските политики. Достапен на: https://www.radiomof.mk/nikoj-ne-gi-ferma-mladite-pandemijata-izborite-i-apatijata-gi-zakochija-mladinskite-politiki/

Радио МОФ. (2021б). КОВИД-19 и неискуството им ги заврзаа рацете на студентските лидери. Достапен на: https://www.radiomof.mk/kovid-19-i-neiskustvoto-im-gi-zavrzaa-racete-na-studentskite-lideri/

Радио Слободна Европа. (Јуни 5 2020). Пандемијата ја зголемува невработеноста на младите. Достапен на: https://bit.ly/3ryWWgU

Речица, В. и Јовевска-Ѓорѓевиќ, А. (2021). Поглед на Собрание: Резултати од теренска анкета за перцепциите на граѓаните за работата на Собранието на Република Северна Македонија (17 февруари – 10 март 2021). Институт за демократија „Социетас Цивилис“: Скопје, Република Северна Македонија. Достапен на: https://bit.ly/3eRbLpG

Светска здравствена организација (СЗО). (2020а). Older people are at highest risk from COVID-19, but all must act to prevent community spread (Старите луѓе се под поголем ризик од КОВИД-19, но сите мора да делуваат за превенција од ширење во заедницата). Достапен на: https://bit.ly/3BA3Yqb

Светска здравствена организација (СЗО). (2020б). Adolecent mental health (Ментално здравје кај адолесцентите). Допстапен на: https://www.who.int/news-room/fact-sheets/detail/adolescent-mental-health

Тројачанец, М. (2021). Една година студентски претставници: Анализа на работата на студентските собранија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Младински образовен форум: Скопје, Република Северна Македонија. Достапен на: https://bit.ly/3iDd90i

УНИЦЕФ. (2020а). COVID-19 and children (КОВИД-19 и децата). Достапен на: https://data.unicef.org/covid-19-and-children/

УНИЦЕФ. (2020б). The impact of COVID-19 on the mental health of adolescents and youth (Влијанието на КОВИД-19 по менталното здравје на адолесцентите и младите). Достапен на: https://www.unicef.org/lac/en/impact-covid-19-mental-health-adolescents-and-youth

Центар за контрола на болести и превенција (Center for Desese control and Prevention). (2020). Mental Health, Substance Use, and Suicidal Ideation During the COVID-19 Pandemic (Ментално здравје, употреба на супстанции и размислување за самоубиство за време на КОВИД-19). Допстапен на: https://www.cdc.gov/mmwr/volumes/69/wr/pdfs/mm6932a1-H.pdf

Babbie, E. (2009). The practice of social research (Практиката на социјални истражувања). Cengage learning: Boston.

Pew Resaerch Center. (2021). Growing share of Americans say they plan to get a COVID-19 vaccine - or already have. Достапно на: https://www.pewresearch.org/science/2021/03/05/growing-share-of-americans-say-they-plan-to-get-a-covid-19-vaccine-or-already-have/